# *СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО*


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Пехчево** | **Среда 23.07.2018 год.** | **Уредува:** |
| | | **Душко Миовски** |
| **Излегува по потреба** | **Број 07 - Година 2018** | **Општина Пехчево** |
| **Гласникот е бесплатен** | | **тел. (033) 441-321** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на актите од Советот на општина Пехчево**

Се објавуваат актите донесени од Советот на општина Пехчево на десеттата седница одржана на ден 23.07.2018 година, во Службен Гласник на општина Пехчево и тоа:

1. Одлука за одобрување на финансиски придонес од буџетот на општина Пехчево за спроведување на проектот за локална и регионална конкурентност за инвестирање во инфраструктура поврзана со туризам и поврзување со дестинациите, потпроект „Малешево - Дестинација по мерка на туристите”;
2. Одлука за усвојување на годишен извештај за работата на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2017/2018 година;
3. Одлука за усвојување на Програмата за развој на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево;
4. Одлука за давање согласност на Статут на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
5. Заклучок за не давање согласност на Одлуката за паричен надоместок за дневница на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
6. Заклучок за не усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за начинот на обештетување на корисниците кои плаќале солидарен фонд;
7. Заклучок за не усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за утврдување на висината за плаќање на надоместок за доделување на употреба на гробно место и надоместок за одржување на гробиштата (гробарина);
8. Одлука за престанок и давање на користење на движни ствари - книги на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево;
9. Заклучок за не усвојување на Ребаланс на Буџет на општина Пехчево за 2018 година;
10. Одлука за усвојување на тримесечен Извештај за финансиското работење на ЈКП Комуналец за 2018 година;

11. Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево;
12. Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈПУД ,,Равен,, - Пехчево;
13. Одлука за разрешување на ВД Директор на ЈПУД ,,Равен,, - Пехчево;
14. Решение за именување на ВД Директор на ЈПУД ,,Равен,, - Пехчево;

Бр. 09-945/1<br>23.07.2018 год.<br>Пехчево

Градоначалник на<br>Општина Пехчево<br>Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за одобрување на финансиски придонес од буџетот на општина Пехчево за спроведување на проектот за локална и регионална конкурентност за инвестирање во инфраструктура поврзана со туризам и поврзување со дестинациите, потпроект „Малешево - Дестинација по мерка на туристите”**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за одобрување на финансиски придонес од буџетот на општина Пехчево за спроведување на проектот за локална и регионална конкурентност за инвестирање во инфраструктура поврзана со туризам и поврзување со дестинациите, потпроект „Малешево - Дестинација по мерка на туристите”, што советот на општина Пехчево ја донесе на десеттата седница одржана на ден 23.07.2018 година.

Бр. 09-945/2
23.07.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Во врска со член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/2002) и член 30 точка 42 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.07.2018 година донесе

**ОДЛУКА**

**за одобрување на финансиски придонес од буџетот на општина Пехчево за спроведување на проектот за локална и регионална конкурентност за инвестирање во инфраструктура поврзана со туризам и поврзување со дестинациите, потпроект „Малешево - Дестинација по мерка на туристите”**

**Член 1**

Со оваа Одлука со одобрува финансиски придонес, кофинансирање од страна на општина Пехчево за спроведување на проектот за локална и регионална конкурентност за инвестирање во инфраструктура поврзана со туризам и поврзување со дестинациите, потпроект „Малешево - Дестинација по мерка на туристите” .

**Член 2**

Финансискиот придонес - кофинансирање од страна на општина Пехчево за спроведување на потпроектот „Малешево - Дестинација по мерка на туристите” изнесува 16% од вкупната вредност на потпроектот.

**Член 3**

Носител на потпроектот е општина Берово, а партнери во спроведувањето на истиот се општина Пехчево, општина Делчево и Здружение Центар за развој и промоција - Промо Идеа, Струмица.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-932/1
23.07.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за усвојување на годишен извештај за работата на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2017/2018 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на годишен извештај за работата на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2017/2018 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на десеттата седница одржана на ден 23.07.2018 година.

Бр. 09-945/3
23.07.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.07.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на годишен извештај за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2017/2018 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2017/2018 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за работа на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2017/2018 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-933/1
23.07.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Дамјан Груев бр.1 Пехчево тел:033-441-126, факс: 033-441-126,

mail: vanco.kitanov@yahoo.com

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТАТА НА ООУ,,ВАНЧО КИТАНОВ,, ПЕХЧЕВО

## ЗА УЧЕБНАТА 2017/2018 ГОДИНА



**Јуни 2018**

**Директор**
**Добрила Јовевска**

**Вовед**

Извештајот за работата на ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево е заснован врз одредбите од Законот за основно образование, Статутот на училиштето, како и обврските кон Локалната самоуправа предвидени со закон. Годишниот извештај е документ на училиштето и се подготвува со цел да се прикаже работата на училиштето во текот на учебната 2017/2018 година, како и анализа на планираните и реализираните содржини предвидени со Годишната програма за работа на училиштето за истиот период.

**Услови во кои работи училиштето**

(број на ученици, структура на наставен кадар и видови училнички простор)

Општинското основно училиште „Ванчо Китанов“ се наоѓа на улица „Дамјан Груев“ бр.1 Пехчево. Во негов состав работат:

- ПУ с.Црник - подрачно училиште во кое учат ученици од I – IX одделение;
- ПУ с.Панчарево со ученици во II, III одделение (комбинирана паралелка) и IV одделение;
- ПУ с.Робово во кое има една паралелка I и II одделение - комбинирана и V одделение чиста паралелка;
- ПУ с.Умлена исто така со една комбинирана паралелка од I, II и III одделение и една комбинирана паралелка IV и V одделение.

Во училиштето наставата ја посетуваат 332 ученика од прво до деветто одделение, распоредени во дваесет и девет паралелки, од кои во централното се 235 ученици распоредени во четиринаесет паралелки, 72 ученици има во ПУ с.Црник распоредени во девет паралелки, во подрачното училиштето во с.Панчарево се 6 ученика, во комбинирана паралелка од II и III одделение и чиста паралелка од IV одделение, во ПУ с.Умлена учат 10 ученика во една комбинирана паралелка од I, II и III одделение и една комбинирана паралелка од IV и V одделение и во подрачното училиштето во с.Робово учат 9 ученика во една комбинирана паралелка и тоа I и II одделение и една чиста паралелка од V одделение.

Наставата во централното училиште се реализира во една смена од $08^{00}$ до $14^{00}$ часот. Во ПУ с.Црник наставата се реализира во две смени - прва смена за учениците од шесто до деветo одделение, а втора смена се учениците од прво до петто одделение. Во останатите ПУ наставата се реализира во една смена.

Наставата и вонннастатавните активности се реализираат во 17 училници од кои 8 се опремени со компјутери, 6 со детски лаптопи и кабинетот по информатика кој исто така целосно е опремен со компјутерска опрема. Часовите по физичко и здравствено образование се реализираат во спортската сала во близина на училиштето и на реновораното спортско игралиште кое се наоѓа од задната страна на училиштето, наставата по информатика во кабинетот по информатика, а наставата по техничко образование во техничка работилница.

Во ПУ с.Црник наставата се реализира во 5 училници  во две смени, а физичко и здравствено образование на спортските терени.

С.Црник  

Во ПУ с. Панчарево наставата се реализира во 3 училници, а наставата по физичко и здравствено образование на спотрските терени.

С. Панчарево  

Во ПУ с.Умлена наставата се одвива во 3 училници, а наставата за физичко и здравствено образованиеобразование на спортските терени.

С.Умлена  

Во ПУ с. Робово наставата се реализира во 3 училници, а наставата за физичко образование на спортските терени.

С. Робово  

За реализирање на наставата според наставните планови и програми беа ангажирани 43 наставници, од кои 25 предметна и 18 одделенска настава, наставничката по германски јазик и наставникот по етика кај нас се дополнуват со часови.

Административно техничкиот персонал одговорно и стручно ги извршува своите работни обврски. Подршка на наставниот кадар пружаат стручните соработници, педагог и психолог, а за хигиената се грижат 11 хигиеничари вклучувајќи ги и оние од подрачните училишта и двајца хаус мајстори.

**Подготвеност на училиштето за работа во почетокот на учебната 2017/2018 година**
**(**материјално-техничка и организациско- оперативна)

Пред почетокот на учебната 2017/2018 година беа создадени сите матерјално - технички и организациско – оперативни услови, како и кадровската екипираност за започнување на учебната година.

Беа превземени следниве активности:

- Дезинсекција, дератизација и дезинфекција на училишните простории,
- Целосно чистење во спортската сала.

Во текот на учебната година се реализирани и други активности кои се значајни за ефикасност и ефективност во работењето.

- Донесување на правилници за работењето на училиштето
- Зголемување на соработката со родителите преку разни заеднички работилници и предавања, во склоп на проектот од МОН
- Проектирање на различни активности за справување на секаков вид насилство помеѓу учениците во соработка со полицијата

**Планирање, реализација и унапредување на воспитно-образовниот процес**
(организација и реализација на воспитно - образовната мисија)

Целокупната воспитно - образовна дејност во училиштето се организираше и реализираше низ четири структурални подрачја.

Задолжителната настава се реализираше според наставниот план и програма донесени од БРО, со измените, применета на иновативни прогрми и програмите за деветгодишно образование. Реализирани се 180 наставни денови.

За учениците од I – IV одделение освен одделенскиот наставник при реализација на наставата е вклучен и наставник по англиски јазик. Во V одделение, исто така, освен одделенските наставници, настава реализираат и предметни наставници, по наставните предмети - англиски јазик, природни науки и техничко образование. Соработката помеѓу наставниците беше на солидно ниво, а учениците одлично ги прифатија и предметните наставници.

Оваа учебна година редовно се реализираше и изборна настава по следниве наставни предмети:

- во IV одделение како изборен предмет се реализираше – творештво;
- во V одделение како изборен предмет се реализираше – творештво;
- во VI одделение како изборен предмет се реализираше – запознавање со религиите;
- во VIIа одделение во централното училиште во Пехчево, како изборен предмет се реализираше – проекти од ликовна уметност, а во VIIб одделение се реализираше изборниот предмет истражување на родниот крај, а во VII одделение во ПУ с. Црник се реализираше - унапредување на здравјето;
- во VIIIа одделение во централното училиште во Пехчево се реализираше изборниот предмет - унапредување на здравјето, во VIIIб одделение во централното училиште во Пехчево се реализираше изборниот предмет - вештини за живеење, а во ПУ с. Црник во VIII одделение се реализираше изборниот предмет – вештини за живеење;
- во IXа одделение во централното училиште во Пехчево како изборен предмет се реализираше – истражување на родниот крај, додека во IXб одделение во централното училиште во Пехчево се реализираше изборниот предмет – вештини за живеење и во подрачното училиште во с. Црник, во истото одделение се реализираше – техничко образование.

И оваа учебна година во месец мај, по насоките од МОН спроведовме анкета за учениците и родителите за изборните предмети, кои ќе се изучуваат наредната учебна година, а за резултатите навремено се известени советникот за образование во Општината и МОН.

Часовите по хор и оркестар предвидени според наставниот план и програма, редовно се одржауваа и побудуваа голем интерес кај сите ученици - членови.

Дополнителна настава со учениците во одделенска настава се изведуваше најчесто по предметите: македонски јазик, математика, англиски јазик, германски јазик, природни науки, географија, историја, хемија, биологија, општество, техничко, физичко, ликовно и музичко образование. И со учениците од предметна настава оваа програма се реализираше според планираност и распоредот на предметните наставници што беше истакнат на почетокот од учебната година.

Додатната настава се реализираше според потребите и програмите на наставниците. Во одделенска настава најчесто беше застапена по предметите: македонски јазик, англиски

јазик, математика, природни науки, општество, техничко образование, музичко образование, ликовно образование и физичко образование. Во предметна настава, додатна настава беше реализирана по предметите: македонски јазик, англиски јазик, германски јазик, математика, природни науки, биологија, географија, историја, француски јазик, хемија, во зависност од тоа во кое одделение се изучуваат одделени предмети. Според распоредот и процентот на реализација се забележува дека, додатната и дополнителната настава во нашето училиште редовно беше реализирана.

Слободните ученички активности се реализираа според програмите на одговорните наставници. Учениците по слободен избор ги посетуваа секциите во училиштето. Програма се реализираше по следниве секции: литературна секција, математичка секција, ликовна секција, секцијата на биолози, љубители на музиката, сообраќајно - техничка, спортска секција. Резултатите од овие секции се презентираа по најразлични поводи во училиштето и општината.

Учениците од нашето училиште заедно со нивните наставници -ментори, многу активно се вклучија во натпреварите што се одржаа на општинско, регионално и државно ниво. Во прилог се дадени постигнувањата од натпреварите за оваа учебна година.

Вонналставни активности ги овозможија сите овие успеси на учениците.

На ниво на училиште беа организирани и реализирани многубројно конкурси со различни тематики, на кои активно учествуваа учениците од нашето училиште и се стекнаа со многубројни дипломи и пофалници. Нивни ментори беа одделенските наставници и предметните наставници по македонски јазик и ликовно образование.

Од производствена и друга општествено корисна работа беа реализирани активности од одржување и естетско уредување на училниците и ходниците. Реализатори се учениците и наставниците. По повод 21 Март ден на екологијата и 22 Април ден на Планетата земја беа спроведени еколошка акција за чистење на училишната зграда и училишниот двор, собирање на материјали за повторна употреба. По повод денот на франкофонијата беше организиран ликовен конкурс, театарски претстави и музички точки на француски јазик, во соработка со Францускиот институт, Општина Пехчево, хотел Гогов, матична библиотека „Кочо Рацин“ и наставникот по музичко образование Александар Парасков.

Од оваа учебна година нашето училиште продолжи со реализација на сите предвидени проекти.

Достојно се одбележа и Детската недела и приемот на првачињата во детската организација, одбележување на патронот на училиштето и други активности.



Во училиштето редовно се реализираа содржини од Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем. Активности спроведува еко-одборот, еко патроли, кампањи и сл.




Ученичките екскурзии се  реализираа според планирањата на Годишната програма за работа на училиштето и Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии во согласност со родителите. На 19.05.2018 година се реализираше еднодневна екскурзија со трето одделение на релација Пехчево - Скопје - Пехчево, со учениците со шесто одделение се реализираше дводневна екскурзија на релација Пехчево –Струмица – Неготино – Кавадарци- Крива Паланка - Пробиштип – Пехчево на 23 и 24.05.2018 година и со учениците од деветто одделение се реализираше тридневна екскурзија на 20,21 и 22.05.2018 година на релација Пехчево – Пробиштип – Скопје – Маврово – Струга – Охрид – Прилеп – Кавадарци - Пехчево, согласно утврдена маршута според правилникот за екскурзии. Трите реализирани екскурзии поминаа во најдобар ред, без никакви проблеми. Целите што беа предвидени според програмата успешно се реализираа.

**Успех на учениците**

На крајот од оваа учебна  2017/18 година, учениците од нашето училиште постигнаа приближно ист успех во споредба со истиот период од минатата учебна година со исклучок на шестите одделенија чиј успех е значително намален за 0,69, за таа сметка на осмите одделенија средниот успех е зголемен за 0,39 за разлика од претходната учебна година. Задоволни сме од постигнатиот успех на ниво на училиште, кој континуирано, без поголеми варијации се движи последните три години со неколку мали исклучоци.

| Одделение | Учебна 2015/2016г. | Учебна 2016/2017г. | Учебна 2017/2018г. |
|---|---|---|---|
| **I, II, III** | описно се оценети | описно се оценети | описно се оценети |
| **IV** | 3,82 | 3,90 | 3,90 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **V** | 4,15 | 4,04 | 3,97 |
| **VI** | 3,91 | 3,89 | 3,20 |
| **VII** | 3,40 | 3,90 | 3,78 |
| **VIII** | 3,58 | 3,46 | 3,85 |
| **IX** | 3,55 | 3,88 | 3,71 |
| **VI – IX** | 3,61 | 3,78 | 3,64 |
| **I – IX на ниво на Училиште** | **3,74** | **3,85** | **3,74** |




Во нашето училиште настава се изведува само на македонски наставен јазик , иако имаме застапено ученици и од друга националност (турци и роми), особено во ПУ с. Црник.

И во оваа учебна година не се реализираше екстерно проверување на знаењето на учениците (кое беше укинато претходната учебна година од страна на Владата на Р Македонија).

Од доставените извештаи на наставнички совет од страна на наставниците може да се констатира дека наставниот материјал планиран за учебната 2017/2018 година по сите предмети е реализиран.

Во оваа учебна година се реализирани сите работни наставни денови. Во училиштето според работните услови и опременоста, во реализирањето на задолжителната настава се применуваа и користеа сите современи наставни методи и форми на работа, а за следење на напредувањето на учениците и проверка на усвоените знаења се користеа и применуваа тестови на знаења, контролни задачи, писмени работи и вежби, наставни ливчиња и др.

Учениците од I, II и III одделение описно се оценети. Учениците од I одд. покажаа способност за прилагодување на новата средина, стекнаа навика за дружење, го усвоија нивото на препознавање и се подготвени да одговорат на новите барања што стојат пред нив во следната учебна година. Учениците од II одделение се описменети, читаат, ја разбираат содржината на прочитаното, запишуваат и споредуваат броеви, собираат и одземаат со премин. Учениците од III одделение читаат правилно, точно, пишуваат разбирливо, собираат и одземаат со премин до 1000, ја усвоија таблицата множење, а има ученици кои решаваат и проблемски задачи. Ја научија и усвоија латиницата. Ги разбираат сообраќајните знаци и можат безбедно да учествуваат во сообраќајот.

За учениците кои имаа потешкотии во совладувањето на наставните содржини, беа реализирани часови по дополнителна настава, за развој и постигнување на основниот квантум на знаење за соодветната возраст.

Учениците од IV одделение оваа учебната година покажаа малку ист успех во споредба со минатата учебна година, а во V одделение оваа учебна година успехот е послаб во споредба со минатата учебна година. Ученици споредбено, секоја година, вложуваат максимум резултати заедно со наставниците, а оваа учебна година во предметна настава видливо е зголемување на успехот во осмите одделенија, но намалување на успехот во шестите одделенија, кај останатите има само минимални варијации на постигнатиот успех, споредбено што значи зголемување на успехот кај некои ученици и зголемување на успехот по одделени предмети.

Кај учениците од VII и IX одделение има мали варијации во успехот последните три учебни години. Најнизок среден успех постигнаа учениците од VIII одделение – 3,46, а највисок учениците од V одделение – 4,04. Според анализите направени на крајот од наставната година најмногу одлични ученици има во седмо одделение - 20 од 39 ученика, а најмалку во осмо одделение 9 од 41 ученика.

Во оваа учебна година девет ученика посетуваа посетуваа дополнителна настава во јуни по еден или два предмета. Еден ученик од VI одделение има една слаба по природни науки – Бојан Постоловски. Петмина ученици при ПУ с. Црник имаат слаби оцени – Озѓан Алиевски од VI одделение има две слаби оцени по македонски и англиски јазик, Адем Шамкаров и Ерај Нехтепаров од VI одделение имаат по една слаба по француски јазик, Селма Арнаутова и Омер Демиров од VII одделение имаат по една слаба по француски јазик. По завршување на дополнителната настава тие добија преслазни оцени и ја завршија наставната година.

Тројца ученици остануваат во истото одделение: Севдие Фазлиова VI одделение од централното училиште од Пехчево, Рашит Адилов VI одделение при ПУ с. Црник и Мехмет Грутков VII одделение при ПУ с. Црник.

Бројот на ученици кои се запишаа на почетокот на учебната година не соодветствува со оние што ја завршија годината. Во текот на годината поголем број на ученици го прекинаа школувањето и зедоа преведница (5 ученика), заради промена на местото на живеење во друга држава. Во однос на ова прашање не ни одат во прилог наталитетот и иселувањето во странство. Се забележува дека со почетокот на оваа учебна година бројот на ученици е помал бидејќи имаме одделенија само со по една паралелка и одлив на ученици поради промена на местото на живеење.

Од успехот сме задоволни, бидејќи сите заеднички, и наставниците и учениците, уште на почетокот од учебната година си поставија цели во врска со наставните активности и кон тоа целосно се насочени. Пред се, најголем приоритет се дава на објективното и транспарентно оценување.

**Изостаноци и поведение на учениците**

Оваа учебна година бројот на оправдани и неоправдани изостаноци од страна на учениците задоволува, а најмногу оправдани изостаноци се направија во зимскиот период кога имаше епидемија на грип и скршеници и повреди кај учениците. Малиот број на изостаноци по ученик е една од позитивните страни на нашето училиште, со што можеме да се пофалиме и што беше истакнато од страна на државниот просветен инспектор.

Во одделенска настава изостаноците се најчесто од оправдани причини, поради болест или по барање од родителите. Малиот број на неоправдани изостаноци најчесто се должи на доцнењето на час или недисциплина на часот од страна на учениците.

Споредбени показатели за оправдани и неоправдани изостаноци:

| **Ред.бр.** | **одделение** | **Оправдани изостанци по ученик** | **Ред.бр.** | **одделение** | **Неоправдани изостанци по ученик** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **I** | 9,50 | 1 | **I** | 0,00 |
| 2 | **II** | 4,16 | 2 | **II** | 0,00 |
| 3 | **III** | 7,30 | 3 | **III** | 0,30 |
| 4 | **IV** | 3,19 | 4 | **IV** | 0,23 |
| 5 | **V** | 18,94 | 5 | **V** | 0,72 |
| 6 | **VI** | 12,22 | 6 | **VI** | 2,65 |
| 7 | **VII** | 20,11 | 7 | **VII** | 1,51 |
| 8 | **VIII** | 27,97 | 8 | **VIII** | 0,59 |
| 9 | **IX** | 42,46 | 9 | **IX** | 1,72 |
| 10 | **I - IX** | **16,21** | 10 | **I - IX** | **0,86** |




Оправданите изостаноци се направени од одреден број ученици кои имаа здравствени проблеми: болести, операции, скршеници и сл., а и бројот неоправданите изостаноци се направени од одреден број на ученици, главно заради доцнење на час, неоправдано отсуство од настава и попречување на воспитно образовната работа во паралелката. Најмногу неоправдани изостаноци има во осмо одделение направени од ученици поради доцнење на часови, недолично однесувае на часови или неприсуство на часови.

Уште со почетокот на оваа учебна година, родителите и учениците беа запознати со правилата на однесување во училиштето и педагошките мерки за учениците, кои се составен дел од Брошурата за родители. Родителите беа запознати и дека за оние ученици кои ќе покажат недисциплина, нередовност или ќе манифестираат некои несоодветни облици на однесување кон наставата ќе се изведуваат работилници за советување за родителите низ текот на целата наставна година во три периоди, а последователно на тоа ќе следуваат и работилници за советување на ученици наменети за истите ученици чии родители беа повикувани на советување. Задоволни бевме од одзивот на родителите за советување.

**Грижа на училиштето за здравјето на учениците**

Цел на грижа на училиштето за здравјето на учениците е градење здрава личност, способна да се грижи за своето здравје, создавање на навики за одржување на личната хигиена, општата хигиена во училиштето и домот. Одделни задачи и содржини поврзани со здравјето на учениците се планирани и реализирани со програмата по физичко и здравствено образование, биологија, природни науки и други, а еден дел се реализираа на часот од одделенската заедница.

Во учебната 2017/2018 година се реализираа планираните систематски прегледи за учениците од I, III, V и VII одделение и систематските стоматолошки прегледи за учениците од I до VII одделение. Кај учениците при пргледот не се забележани сериозни проблеми, а дополнителни консултации со лекарите по потреба си направија самите родители.

Посебно внимани посветивме и на хигиената во училиштето со секојдневно чистење на училишните простории, вршење на дезинфекција, со цел заштита на здравјето на учениците.

Редовно соработуваме со Здравниот дом при обработка на различни теми кои се клучни за здравјето на децата.

**Стручни тела и органи**

Директорот на училиштето го планираше, свикуваше и организираше Наставничкиот Совет во текот на целата учебна година, според планираното и во него учествуваа сите наставници и стручните соработници. Се разгледуваа сите актуелни прашања и проблеми кои се јавуваа во училиштето и за истите се изнаоѓаа позитивни решенија. Исто така се разгледуваа прашања и теми за стручно усовршување и можности за унапредување на воспитно-образовниот процес.

Одделенските совети се одржуваа редовно, реализирајќи ја предвидената програма. На состаноците се вршеше сестрана анализа на моменталните состојби на учениците, поединечно, во даден период и наоѓање начин како да се дејствува понатаму во позитивна насока.

Формираните стручни активи по наставни предмети, подрачја и одделенија во одделенска настава, работеа според планираното и доставуваа извештаи за сработеното.

**Културни и образовни активности на училиштето во локалната средина**

Преку оваа активност сакаме да допринесеме за подигање на културното ниво на самите ученици, локалното население и пошироко. Во ова подрачје не беа опфатени следните активности:

- Соработка со семејството, со родителите на учениците.
- Соработка со воспитно - образовни институции.
- Информирање во училиштето.

Соработката со родителите на нашите ученици во текот на оваа учебна година се оствaруваше преку редовните родителски средби (се одржаа сите планирани), но и со индивидуални средби со поедини родители и наставници, родители и стручни соработници, со директорот. Забележано е дека оние родители чии ученици се со послаб успех или поведение, поретко соработуваат со училиштето.

Нашето училиште успешно соработуваше и со останатите Основни училишта во соседните Општини, со подрачните единици на БРО во Берово и Штип, со ЕЛС, со одделенијата при МОН - Скопје.

Во училиштето посебно внимание се посветуваше на информирањето, како на вработените така и на учениците, родителите и локалната средина. Родителите можеа да дојдат во училиштето кога ќе посакаат, да добијат информација за постигањата на своите деца, организацијата и реализацијата на воспитно - образовната работа во училиштето. Информирањето во локалната средина се вршеше преку јавните медиуми со интервјуа, со соопштенија, известувања и друго. Детската организација и заедницата на учениците со нивните одговорни наставници активно се организираа за прифаќање на првачињата во училиштето и по повод приемот на првачињата во Детската организација.

Мандолинскиот оркестар и хорот од нашето училиште учествуваат во сите културни манифестации како во училиштето така и во Општината.

Драмската секција организираше пригодна драмска претстава за приемот на првачињата во Светската детска организација и низа други манифестации. Патрониот празник на нашето училиште оваа година беше одбележан поскромно поради непредвидени ситуации.

Од целокупната јавност добивме позитивни оценки, а и ние вработените бевме задоволни од програмата и организацијата. Од подрачјето Соработка на училиштето со локалната средина реализирани се и следните активности:

- Пригодна програма по повод приемот на првачињата во Светската детска организација;
- Одбележување на 7 септември - ослободувањето на нашиот град, значењето учество во сите организирани манифестации од страна на ЛС (културни, спортски...) - многу награди во спортските натпревари;
- Учество во натпревари организирани од други училишта во општините по повод патроните празници;
- Учество на разни манифестации и натпревари под организација и покровителство на Градоначалникот на нашата Општина;
- Учество на натпревари во изработка на ликовни и литературни творби на различни теми;
- Одбележување на Денот на екологијата, Денот на планетата земја со еколошки активности.

**Реализација на активностите од Визијата на училиштето**

Применувајќи ги главните правци за развој на учениците и промените во работата на училиштето се реализираа следните активности од приоритетите во Годишната програма на училиштето.

За подобрување на редовноста на учениците на настава, одделенските раководители од I - IX одделение, наставниците, училишниот психолог и училишниот педагог, ги реализираа следните активности со тимско работење:

* Перманентно следење на учениците кои неоправдано отсуствуваат од настава;
* Редовни советодавни разговори со учениците кои нередовно ја посетуваат наставата и учениците кои не го почитуваат училишниот куќен ред;
* Информирање на родителите (писмено и усно) и советодавни средби и разговори со родителите на учениците;
* Организирани советувања за родителите чии ученици нередовно ја посетуваат наставата, видно го намалуваа успехот во учењето и друго,од страна на училишниот психолог, во повеќе наврати, согласно нормите пропишани со Законот за основно образование;
* Организирани советување за учениците индивидуални или групни од повеќе аспекти;
* Информирање на родителите за изречените педагошки мерки на учениците според правилникот и принципите од Брошурата за родители.

Со започнувањето на оваа учебна 2017/2018 година редовно е водењето на Е - дневникот од страна на сите наставници вклучени во наставниот процес. Редовно ги запишуваа податоците, со исклучок на ситници, но треба да се има во предвид дека секоја новина бара надградување. Заклучно со јуни сите податоци кои ги дозволи софтверот се пополнети од страна на наставниците.

Стручните активи одржуваа редовни состаноци и преку следење, проверување и мерење на напредокот на учениците ги реализираа редвидените активности од Годишната програма за работа на училиштето.

Примената на дијагностичкото, формативното и сумативното проверување на знаењата на учениците се темели на Блумовата таксономија.

Определувањето на бројчаната оценка е според постигањата на ученикот во однос на памтење и репродуцирање на наставните содржини, разбирање на обработените содржини, примена на наученото во конкретни задачи со познати и нови елементи, како и повисоки интелектуални способности на анализа,синтеза и вреднување.

Применувани се тестови на знаења по таксономски нивоа. Од прво до трето одделение учениците се оценети со описна оценка од наставниците, за учениците од четврто до шесто одделение оцените се наизменично описни и бројчани оценки, а учениците од седмо до деветто одделение се бројчано оценети. За сите учениците се води ученичко досие. За учениците од четврто до деветто одделение 80 % од наставниците применуваа тестови на знаење. Утврдени се и стандарди на знаења за три или четири нивоа. За позитивна оценка е потребно ниво од 50% знаења и способности на ученикот, за добар 3 над 60%, за многу добар 4 над 75% и за одличен 5 над 80%.

За овие цели од Годишната програма за работа на училиштето информирани се: Наставнички совет, Училишен одбор, Совет на родители, учениците и родителите на родителските средби.

За успехот и поведението на учениците, родителите се запознаваа на родителските средби. Родителските средби редовно се одржуваа преку цела година. Секој одделенски раководител има одржано по 4 родителски средби, а некои и повеќе. На 29 декември 2017 година, на родителска средби, беше соопштен успехот и поведението за учениците од нашето училиште од првото полугодие, а исто така и на 11 јуни 2018 година, родителите беа запознати со годишниот успех на учениците. Задоволни сме од одзивот на родителите и соработката со нив.

## ИЗВЕШТАЈ ОД РЕАЛИЗИАНИ АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА ,,**ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ,,**

во ООУ,, Ванчо Китанов,,

за учебната 2017/2018 година

Со почетокот на учебната година сите наставници изготвија свои планирања во кои извршија интеграција на еко содржини од деветте еколошки теми.Со планирањата беше предвидено активно вклучување на учениците, но и сите вработени во училиштето и пошироката заедница. Целта на активностите е учениците  и возрсните да сфатат дека како светски граѓани треба да бидеме свесни за потребата за да делуваме локално, а да мислиме глобално. Потребно е да ги научиме учениците дека добриот граѓанин има знаење и разбирање за глобалните проблеми и дека е моќен и може да учествува во подобрување на еколошката состојба . Со работата на овие теми можеме да ги научиме учениците дека со мали акции и промени во нивните науки може да се постигне многу. Сите ние можеме да придонесеме со нешто! Време е да почнеме.

Повеќето од наставниците имаат реализирано од 1 до 3 содржини од секоја од деветте еклошки теми. Интеграцијата на еко содржините им овозможува на учениците да  се

запознаат со разновидни активности преку кои би можеле да допринесат за подобрување на еко состојбата во локалната средина а со самото тоа и во пошироката заедница.

Беа реализирани и дополнителни активности и тоа:

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНА АКЦИЈА**
**22.09.2017 год**

**Акција: ,, Ден без автомобили,,**

**Цел на акцијата:** Настанот има цел да ја подигне свеста кај граѓаните за влијанието на транспортот врз квалитетот на воздухот и да ги охрабри да го подобрат здравјето со промена на еден нивен ден во ден на мобилно однесување.
Европската недела на мобилност е кампања која промовира визија на градски улици на кои не доминираат моторните возила. Тоа е недела на велосипедистите, пешаците, возачите на ролери, тротинети, скејт-борди, корисниците на инвалидски колички, на сите учесници во сообраќајот кои не ја загадуваат животната средина, не прават бучава, не го заземаат животниот простор на своите сограѓани
**Опис:**
Овој Меѓународен ден без автомобили ООУ,,Ванчо Китанов,, во соработка со Општина Пехчево го одбележи со организирање на крос натпревар. Крос натпреварот се одржа на булеварот Борис Кидрич во период од 14:30 до 15:30 часот.
Во трката зедоа учество учениците од VI (шесто) до IX (деветто) одделение о
**Прва трка**: ученици од VI (шесто) до VII (седмо) одделение од ООУ ,,Ванчо Китанов,,-Пехчево–машки;
**Втора трка**: ученици од VI (шесто) до VII (седмо) одделение од ООУ ,,Ванчо Китанов,,–Пехчево–женски;
**Трета трка**: ученици од VIII (осмо) до IX (деветто) одделение од ООУ ,,Ванчо Китанов,,–Пехчево–машки;
**Четврта трка**: ученици од VIII (осмо) до IX (деветто) одделение од ООУ ,,Ванчо Китанов,, – Пехчево – женски;
Од страна на Општина Пехчево, во соработка со Министерството за внатрешни работи на 22.09.2017 година на ,,Денот без автомобили,, во периодот од 14:30 до 15:30 часот ќе биде овозможено улицата ,,Борис Кидрич,, да биде затворена за сообраќај.
Им благодариме на сите оние кои зедоа учество во овој крос натпреварот организиран токму на Денот без автомобили, а им упатувам благодарност на сите учесници кои се приклучија на акцијата и автомобилите за кратко ги заменија со велосипеди или дојдоа пеш, за заеднички да ги мотивираме останатите граѓани да ги следат нашите чекори. Особено ме радува фактот што најбројни се младите, кои се помасовно ги употребуваат велосипедите не само во градот, туку и во поширокото подрачје.

**Подготовка на акцијата**

| Бр. | Активности | Време на реализација | Одговорен | Потребни средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Договор со Општината | 15- 20 .09.2017 | Наставник координатор | / |
| 2 | Одредување на целни групи на ученици и возрасни лица | 16-20.09.2017 | Наставник координатор | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3 | Планирање на активноста | 16-20.09.2017 | Наставник координатор ученици и наставници | / |
| 4 | Спроведување на активноста | 22. 09.2017 | Ученици, наставници и останати вработени | Награди обезбедени од општината |
| 5 | | | | |
| **ВКУПНО** | | | | **/** |

* додајте редови по потреба

**Реализација на акцијата:**

| Бр. | Постигнати резултати | Индикатори | Собрани средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Остварена соработка | Одржани средби | / |
| 2 | Одредени целни групи | Целни групи | / |
| 3 | Подготвени за спроведување на активност | Ученици и возрасни | / |
| 4 | Спроведување на активноста | фотографии | / |
| 5 | | | |

* додајте редови по потреба

**Учесници во акцијата:**

| | Учесници | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| 1. | Ученици | 18 | 15 |
| 2. | Наставници | 1 | 2 |
| 3. | Вработени | 2 | 3 |
| 4. | Родители | 12 | 15 |
| 5. | Општина | 4 | 3 |
| 6. | Соработници | | 2 |
| 7. | Останати учесници | | |
| **ВКУПНО** | | | |

* додајте редови по потреба

**Медиумска покриеност:**

| Медиум | Број на испратени соопштенија | Број на објави | Број на гостувања | Број на присутни медиуми |
|---|---|---|---|---|
| Радио | | | | |
| Телевизија | | | | |
| Електронски медиуми | | | | |
| Печатени медиуми | | | | |
| Интерно гласило | | | | |
| Веб-страница | | | | |
| Информатор на општината | 2 | 2 | 2 | / |

* додајте редови по потреба





**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНА АКЦИЈА**
**21.03.2018 год**

**Акција: „Еколошка акција по повод 21 Март – ден на екологијата“**

**Цел на акцијата:** вработените во училиштето заедно со учениците извршија еколошко чистење на училиштето и училишниот двор со цел подигање на еколошката свест

**Опис:**

| |
|---|
| Акцијата се реализираше на 21.03.2018 година, тој ден учениците со своите наставници практично спроведоа чистење на училишниот двор и училиштето |

**Подготовка на акцијата**

| Бр. | Активности | Време на реализација | Одговорен | Потребни средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Состанок на настваниците и учениците | 20.03.2018 | Наставник и координатор | / |
| 2 | Запознавање со активностите | 20.03.2018 | Наставник координатор | / |
| 3 | Практична работа | 21.03.2018 | Наставник координатор вработени, ученици | / |
| 4 | | | | |
| 5 | | | | |
| **ВКУПНО** | | | | |

* додајте редови по потреба

**Реализација на акцијата:**

| Бр. | Постигнати резултати | Индикатори | Собрани средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Остварена соработка | Одржани средби | / |
| 2 | Одредени целни групи | Целни групи | / |
| 3 | Подготвени за спроведување на активност | Ученици и наставник | / |
| 4 | Спроведување на активноста | Фотографии | / |
| 5 | | | |

* додајте редови по потреба

**Учесници во акцијата:**

| | Учесници | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| 1. | Ученици | 172 | 160 |
| 2. | Наставници | 10 | 34 |
| 3. | Вработени | 5 | 6 |
| 4. | Родители | | |
| 5. | Општина | | |
| 6. | Соработници | / | |
| 7. | Останати учесници | / | / |
| **ВКУПНО** | | 187 | 200 |

* додајте редови по потреба

**Медиумска покриеност:**

| Медиум | Број на испратени соопштенија | Број на објави | Број на гостувања | Број на присутни медиуми |
|---|---|---|---|---|
| Радио | | | | |
| Телевизија | | | | |
| Електронски медиуми | | | | |
| Печатени медиуми | | | | |
| Интерно гласило | 1 | 1 | | / |
| Веб-страница | | | | |
| Информатор на општината | | | | |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНА АКЦИЈА
## 20.04.2018 год

**Акција: „Светски ден на акција ,,Заштити ја планетата Земја “**

**Цел на акцијата:** вработените во училиштето заедно со учениците извршија еколошко чистење и засадување на садници во училишниот двор и селекција на отпад

**Опис:**

| |
|---|
| Акцијата се реализираше на 20.04.2018 година, тој ден учениците со своите наставници практично спроведоа засадување на садници во училишниот двор и спроведоа еколошко чистење и селекција на отпад |

**Подготовка на акцијата**

| Бр. | Активности | Време на реализација | Одговорен | Потребни средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Состанок на наствниците и учениците | 16.04.2018 | Наставник и координатор | / |
| 2 | Запознавање со активностите | 16.04.2018 | Наставник координатор | / |
| 3 | Практична работа | 20.04.2018 | Наставник координатор вработени, ученици | / |
| 4 | | | | |
| 5 | | | | |
| **ВКУПНО** | | | | |

* додајте редови по потреба

**Реализација на акцијата:**

| Бр. | Постигнати резултати | Индикатори | Собрани средства |
|---|---|---|---|
| 1 | Остварена соработка | Одржани средби | / |
| 2 | Одредени целни групи | Целни групи | / |
| 3 | Подготвени за спроведување на активност | Ученици и наставник | / |
| 4 | Спроведување на активноста | Фотографии | / |
| 5 | | | |

* додајте редови по потреба

**Учесници во акцијата:**

| | Учесници | Машки | Женски |
|---|---|---|---|
| 1. | Ученици | 172 | 160 |
| 2. | Наставници | 8 | 35 |
| 3. | Вработени | 5 | 6 |
| 4. | Родители | | |
| 5. | Општина | | |
| 6. | Соработници | / | |
| 7. | Останати учесници | / | / |
| **ВКУПНО** | | 185 | 201 |

* додајте редови по потреба

**Медиумска покриеност:**

| Медиум | Број на испратени соопштенија | Број на објави | Број на гостувања | Број на присутни медиуми |
|---|---|---|---|---|
| Радио | | | | |
| Телевизија | | | | |
| Електронски медиуми | | | | |
| Печатени медиуми | | | | |
| Интерно гласило | 1 | 1 | | / |
| Веб-страница | | | | |
| Информатор на општината | | | | |

Изработил
наставник – координатор
Валентина Станоевска

**Извештај за работата на Училишниот одбор**

Во текот на учебната 2017/2018 година, Училишниот одбор работеше согласно надлежностите дадени во Законот за основно образование и планирањата во програмата за работа.

Во почетокот на месец јули 2017 година, Училишниот одбор го разгледа Извештајот за работата на училиштето за учебната 2016/2017 година, а во месец август ја разгледа и усвои предложената Програма за работа на училиштето за учебната 2017/2018 година. Програмата за работа беше доставена на донесување на Советот на општината. Во текот на истиот месец беа разгледувани и други тековни проблеми околу подготовката на училиштето за почетокот на претстојната учебна година.

Во декември 2017 год. беше донесена одлука за предлагање на финансиски план за учебната 2017/2018 година до Општина Пехчево.

Во јануари 2018 Училишниот одбор ја разгледа одлуката на Градоначалникот за објавување оглас за директор на училиштето,донесе одлука за објавување на оглас и формираше комисија за проверка на документите на пријавените кандидати. Во месец мај на седница на Училишниот одбор спроведено е интервју за избор на директор.

Беа донесени повеќе акти и одлуки, како набавка на наставни и нагледни средства, одлуки за постојани и повремени комисии. Беше разгледан извештајот за материјалното работење на училиштето во текот на учебната година. Беа донесени повеќе мерки за подобрување на условите за работа.

Училишниот одбор на секое тромесечие го разгледуваше успехот и поведението на учениците и соодветно на тоа преземаше одредени мерки за подобрување на состојбата и унапредување на целокупниот воспитно- образовен систем.

Училишниот одбор го разгледа Правилникот за организирање на екскурзии и донесе одлука екскурзиите да се реализираат согласно Правилникот. Беше формирана комисија за реализирање на екскурзијата, ја разгледа и усвои програмата за изведување на екскурзијата. Во текот на учебната година Училишниот одбор разгледуваше жалби и приговори на вработени и заземаше став за истите.

**Извештај за работата на Советот на родители**

Советот на родители имаше активно учество во реализацијата на следниве задачи во текот на учебната година:
- помош во уредување на училниците,
- анализа на ефектите од реализираните активности,
- разгледување и анализа на успехот и поведението на учениците,
- вклучување на родителите во организацијата на културно-забавниот живот во училиштето и слободните ученички активности на учениците,
- иницирање на производствени и општествено-корисни активности,
- одбележување на Патрониот празник на училиштето,
- запознавање на локалното население за воспитно-образовната работа во училиштето,

Во оваа учебна година Советот на родители активно соработуваше со сите родители, наставничкиот кадар, стручните соработници, со надеж таа соработка да продолжи и понатаму.

**Извештај за работата од директорот**

Програмата за работа на директорот е исполнета со планирање, програмирање, организација, насочување, контрола во вршењето на воспитно- образовната работа. Последователно следуваат дел од активностите кои беа реализирани оваа учебна година.

* Се премина и кон изработка на распоредот на часовите;

* Подготвената Годишна програма за работа на училиштето ја поднесовме како предлог за усвојување до Советот на Општината. Уште во август 2016 година, со завршните подготовки за учебната 2016/2017 година беше јасно поставена организацијата за сите предвидени активности, кои се составен дел од Годишната програма за работа научилиштето;

* Организација на стручните активи, одделенските совети, наставничките совети;

* Анализа на писмените извештаи од стручните активи;

* Издвојување на приоритети од Развојната програма за работа, за оваа учебна година;

* Распределба на часовите по специјалност, одредување одделенски раководители;

* Подготовка на распоред на часови и дежурни наставници,

* Запознавање на наставниците со тековни промени во врска со програмите, прирачници, учебници;

* Организација за правење распоред за додатна и дополнителна настава;

* Подготовка на листа на приоритети за набавка на нагледни средства;

* Координирање на работата на стручните активи;

* Доставување на Годишната програма за работа на училиштето до Советот на Општината.

Во текот на учебната година активно се работеше и на:
-Следење и согледување на реализацијата на планираното во Годишната програма за работа;
- Контролирање на исправноста на водење на педагошката евиденција;
- Воведување и подршка на наставниците почетници;
- Посета на редовната настава и другите видови на вонннаставни активности;
- Согледување и анализа на активните методи на настава;
- Подршка на наставниот кадар во иновирање на наставата;
- Индивидуални разговори со учениците и родителите на учениците кои изостануваат од настава и покажуваат слаби резултати во успехот;
- Координирање на активностите за одбележување на Патрониот празник на училиштето;

- Консултативни средби со заедницата на учениците за унапредување и градење на културата на училиштето;
- Информирање на пошироката јавност за резултатите на училиштето;
- Подготовка на годишен извештај за работата на училиштето;
- Соработка и учество на состаноци со членовите на Совет на родители;
- Соработка и учество на состаноци со членовите на УО;
- Соработка со ЕЛС;

Од моја страна беше следена наставата која се реализира во нашето училиште. При посетата на часовите ја следев вкупната активност на учениците на часот и интеракцискиот однос наставник-ученик, ученик- наставник, ученик-ученик. Го следев и активното учество во реализацијата на програмата за иновирање на воспитно-образовната дејност. По средувањето на впечатоците и резултатите од следењето можам да кажам дека сум задоволна од работата на наставниците. Имено, наставниците имаа писмена или електронска дневна подготовка и не се случија значајни промени на часот по истата, а доколку имаше тоа уредно го забележуваа во самоевалуацијата од часот. Интеракцијата од сите типови, зависно од наставната содржина, беше задоволувачка. Разговорот после часот, давање препораки, поделба на мислење, беше позитивно прифатено и даде резултати.

Состаноците на стручните активи, одделенските и наставничките совети редовно се одржуваа со реализирање на планираното. За сето тоа постои уредна евиденција во училиштето. Оваа учебна година имавме 4 приправника кои соработуваа со колегите. Имаше голем број консултации и проверка на водењето на педагошката евиденција и документација и се констатира дека таа уредно се пополнува и води, со исклучок кај поединци.

Новините кои стасуваа до училиштето, а кои се однесуваат на наставниците или стручните соработници навремено се проследуваа.

Наставниците редовно ги посетуваа семинарите организирани од МОН и БРО.

Залагањето на наставниците се гледа и од учеството на голем број натпревари и постигнувањето солидни резултати. За сите постигнувања се трудевме во текот на цела учебна година редовно да ги информираме Совет на родители, Училишниот одбор и пошироката јавност.

## Извештај за работата на училишниот педагог

a. Изготвување на Годишна глобална програма за сопствената работа;
b. Изготвување на оперативен план за реализирање на годишната програма по месеци
c. Учество во изработката на Годишната програма за работата на училиштето;
d. Учество во изработката на полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето и нивна анализа;
e. Учество во работата на одделенските и наставничките совети;
f. Изготвување на годишен извештај за сопствената работа;
g. Вршење упис на учениците во прво одделение;
h. Испитување на ученици при упис во прво одделение - нивната структура;
i. Утврдување на зрелоста на децата за поаѓање во прво одделение
j. Учество при формирањето на паралелки во прво и шесто одделение;

k. Следење на прилагоденоста на учениците во прво и шесто одделение;
l. Организирање и спроведување на работилници на одредена тема со учениците од VI и VII одделение;
m. Организирање и спроведување работилница со учениците од II одделение - ДИКТАТ и анализа за степенот на описменувањето на оваа возраст;
n. Правење на споредбени анализи за успехот на учениците и нивните изостаноци според пол и национална припадност;
o. Следење на соработката со наставниците и родителите на ученици кои имаат потешкотии во наставниот процес;
p. Откривање и стручна помош на учениците со потешкотии во напредувањето;
q. Откривање на учениците со поголеми можности за напредување и развој;
r. Следење на напредувањето на учениците според нивните можности и индивидуални карактеристики;
s. Откривање и работа со учениците кои манифестираат неприлагодено однесување (бегање од часови,пушење, асоцијално и антисоцијално однесување, изостанување од настава, рушење на текот на наставниот процес);
t. Индивидуални разговори со недисциплинираните ученици;
u. Индивидуални разговори со ученици за некои нивни лични проблеми;
v. Советодавна работа со одделенија во кои доаѓа до некакви насилства;
w. Советодавна работа со ученици кои имаат здравствени проблеми, прилагодување кон училиштето и учењето, проблеми во однесувањето, проблеми во семејствата,
x. Емоционални проблеми, проблеми во односите со спротивниот пол и др;
y. Разговор и советување на ученици на кои за краток временски период им опаднал успехот по три или повеќе предмети за две или повеќе оценки;
z. Евиденција, увид и анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците по одделенија во двете полугодиа;
aa. Изготвување, спроведување и анализа на анкети и прашалници, како и работилници за потребите на училиштето;
bb. Консултативна и советодавна работа со наставниците при: изработка на дневни подготовки, подготовка на тематските развојни планирања, осмислување и реализирање на наставните часови согласно барањата на одредени проекти;
cc. Следење при реализација на воспитно-образовната работа и соработка со наставниците и директорот;
dd. Соработка со наставници во изработка на сите видови планови, работа во воведување иновации во наставната програма;
ee. Соработка со класните раководители;
ff. Непосредно следење и вреднување на наставниот процес преку: посета на часови и водење евидентни листови од посетата на часови, увид во педагошката евиденција и документација на одделенските наставнци;
gg. Советодавна работа и индивидуални разговори со ученици, наставници и родители на ученици кои потешко напредуваат во учењето и/или имаат проблеми со успехот, редовноста и дисциплината;
hh. Организирање и реализирање на работилници за советување на родители на ученици

кои нередовно посетуваат настава, покажуваат намален успех во учењето и манифестираат несоодветно однесување во училиштето;

ii. Следење и работа на подобрување на педагошката комуникација: ученик – ученик, ученик – наставник, ученик – наставник – родител; промовирање на меѓусебното почитување, толеранција, другарството и хуманоста; почитување на меѓусебните полови разлики; речникот на учениците во меѓусебната комуникација; некои неприфатливи карактеристики во однесувањето на учениците кон наставниците за време на часовите

jj. Следење и обработка на стручни материјали добиени од Бирото за развој на образованието, подрачна единица за образование, Министерството за образование и наука и други институции поврзани со образованието;

kk. Учество во работата на стручни органи и тела;

ll. Соработка и консултативно советодавни активности со наставници и родители;

mm. Работа на сопствено стручно усовршување, преку следење и обработка на стручна литература како и учество на организирани семинари, работилници, обуки и советувања, со цел пренесување на сознанијата, задолженијата и впечатоците на директорот, наставниците и нивна примена во пракса;

nn. Соработка со сите институции како локална самоуправа, Здравствен дом, библиотека, социјални грижи и др. давање потребни податоци и водење евиденција за истите.

oo. Увид во водењето на Педагошката евиденција и документација на училиштето (дневниците, матичната книга за евиденција на учениците на почетокот и на крајот на учебната година ), воочување и евидентирање на пропустите;

pp. Водење на сопствена евиденција и документација:

- хронолошки дневник за сопствената работа,
- дневник за советодавна работа со ученици, родители и наставнци,
- записник со листа на присутни од советувањето на родителите/старателите на ученици кои согласно законот треба да бидат советувани,
- образец 1/2/3 за евиденција на учениците по основ на намален успех во учењето, нередовно посетување на настава и/или манифестираат несоодветно однесување,
- покана за советување на родител/старател фотокопија или оригинал,
- покана за разговори со родители фотокопија или оригинал,
- извештаи, известувања, записници за потребите на училиштето,
- дневник за евиденција на педагошките мерки на учениците,
- водење на евидентен лист за остварена активност: посета на час, разговори со родители, разговори со ученици;

• Посета на подрачни училишта.

Во текот на целата година планираните содржини се реализирани но постојат и реализирани содржини кои не се планирани во годишната програма,а тоа е држење на часови-замена во одделенска настава при отсуство на наставници и земање учество во голем број други активности.

ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево
***Училишен педагог***
Будимка Станоевска

**Извештај за работата на училишниот психолог**

qq. Изготвување на Годишна глобална програма за сопствената работа;
rr. Учество во изработката на Годишната програма за работата на училиштето;
ss. Учество во изработката на полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето и нивна анализа;
tt. Учество во работата на одделенските и наставничките совети;
uu. Учество во работата на Советот на родители;
vv. Изготвување на годишен извештај за сопствената работа;
ww. Изготвувње на програма за работа со деца со посебни образовни потреби;
xx. Работа со ученици со посебни образовни потреби;
yy. Утврдување на зрелста на децата за поаѓање во прво одделение;
zz. Учество при формирањето на паралелки во прво и шесто одделение;
aaa. Организирање и реализација на часови  со учениците од прво одделение за правилно однесување во одредени ситуации и на одредени настани и локации во консултација со одделенските наставници проследено со кратки филмови за бон тон;
bbb. Следење на прилагоденоста на учениците во прво и шесто одделение;
ccc. Организирање и спроведување на работилници на одредена тема со учениците од VIII оддление и IX одделение;
ddd. Правење на споредбена анализа за успехт на учениците на преминот од петто во шесто одделение и откривање на причините за негов евентуален пад или пораст поединечно;
eee. Правење на споредбени анализи за успехот на учениците и нивните изостаноци според пол и национална припадност;
fff. Спроведување на анкети со учениците на одредени теми;
ggg. Следење на соработката со наставниците и родителите на ученици кои имаат потешкотии во натавниот процес;
hhh. Откривање и стручна помош на учениците со потешкотии во напредувањето;
iii. Откривање на учениците со поголеми можности за напредување и развој;
jjj. Следење на напредувањето на учениците според нивните можности и индивидуални карактеристики;
kkk. Работа на професионалната ориентација и селекција на учениците од деветто одделение;
lll. Откривање и работа со учениците кои манифестираат неприлагодено однесување (бегање од часови, пушење, аоцијално или антисоцијално однесување, изостанување од настава, рушење на текот на наставниот проце и сл.)
mmm. Евиденција, увид и анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците по одделенија  на двете тромесечја;
nnn. Индивидуални разговори со недисциплинираните ученици;
ooo. Индивидуални разговори со ученици за некои нивни лични проблеми;
ppp. Советодавна работа со одделенија во кои доаѓа до некаков вид насилство;
qqq. Советодавна работа со ученици кои имаат здравствени проблеми, прилагодување кон училиштето и учењето, проблеми во однесувањето, проблеми во

семејствата,

rrr. Емоционални проблеми, проблеми во односите со спротивниот пол и друго;

sss. Разговор и советување на ученици на кои за краток временски период им опаднал успехот по три или повеќе предмети за две или повеќе оценки;

ttt. Изготвување, спроведување и анализа на анкети и прашалници, како и работилници за потребите на училиштето;

uuu. Консултативна и советодавна работа со наставниците при: изработка на дневни подготовки, подготовка на тематските развојни планирања, осмислување и реализирање на наставните часови согласно барањата на одредени проекти;

vvv. Пратење при реализација на воспитно-образовната работа и соработка со наставниците и директорот;

www. Непосредно следење и вреднување на наставниот процес преку: посета на часови и водење евидентни листови од посетата на часови, увид во педагошката евиденција и документација на предметните наставнци;

xxx. Советодавна работа и индивидуални разговори со ученици, наставници и родители на ученици кои потешко напредуваат во учењето и/или имаат проблеми со успехот, редовноста и дисциплината;

yyy. Организирање и реализирање на работилници за советување на родители на ученици кои нередовно посетуваат настава, покажуваат намален успех во учењето ии манифестираат несоодветно однесување во училиштето;

zzz. Следење и работа на подобрување на педагошката комуникација: ученик – ученик, ученик – наставнк, ученк – наставнк – родител; промовирање на меѓсебното почитување, толеранција, другарството и хманоста; почитување на меѓусебните полови разлки; речникот на учениците во меѓусебната комуникација; некои неприфатливи карактеристики во однесувањето на учениците кон наставниците за време на часовите;

aaaa. Следење и обработка на стручни материјали добиени од Бирото за развој на образованието, подрачна единица за образование, Министерството за образование и наука и други институции поврзани со образованието;

bbbb. Учество во работата на стручни органи и тела;

cccc. Соработка и консултативно советодавни активности со наставници и родители;

dddd. Работа на сопствено стручно усовршување, преку следење и обработка на стручна литература како и учество на организирани семинари, работилници, обуки и советувања, со цел пренесување на сознанијата, задолженијата и впечатоците на директорот, наставниците и нивна примена во пракса;

eeee. Увид во водењето на Педагошката евиденција и документација на училиштето (дневниците, матичната книга за евиденција на учениците на почетокот и на крајот на учебната година), воочување и евидентирање на пропустите;

ffff. Водење на сопствена евиденција и документација:

- хронолошки дневник за сопствената работа,
- дневник за советодавна работа со ученици, родители и наставнци,
- дневнк за работа со ученици со посебни бразовни потреби,

- записник со листа на присутни од советувањето на родителите/старателите на ученици кои согласно законот треба да бидат советувани,
- образец 1/2/3 за евиденција на учениците по основ на намален успех во учењето, нередовно поетување на настава и/или манифестираат несоодветно однесување,
- обрасците за евиденција на ученици при постапката на советување на ученици,
- покана за советување на родител/старател фотокопија или оригинал,
- покана за советување на ученици фотокопија или оригинал,
- покана за разговори со родители фотокопија или оригинал,
- извештаи, известувања, записници за потребите на училиштето,
- дневнк за евиденција на педагошките мерки на учениците,
- водење на евидентен лист за остварена активност: посета на час, разговори со родители, разговори со ученици;

- Посета на подрачни училишта.

Освен овие активности психологот зема активно учество во голем број други активности за кои постои уредна документација во архивата на училиштето.

***Училишен психолог***
Ивана Крчева

**Извештај за работата на Еко одборот во училиштето**

Програмата за „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем" е еден од проектите на едукативната програма „Немаме резервна планета" кој има за цел знаењето за животната средина да се примени во пракса.

Нашето училиште е вклучено во реализацијата на овој проект и се надеваме дека преку него ќе успееме кај учениците да отвориме нов прозорец кон светот, да влијаеме на нивното однесување кон животната средина, а со тоа кај нив да создадеме активна и одговорна улога која ќе ја практикуваат во училиштето, во домот, но и во заедницата пошироко. Веруваме дека оваа програма ќе стане реалност за учениците и нивните блиски, наставниците, граѓанството.

Со цел успешно да се реализира проектот нашето училиште ги превземаше следниве активности:
- Еко-одборот во чиј состав влегуваат наставници, ученици, родители, домар, технички персонал, претставник од невладин сектор заедно со тимови ги продолжија своите активности .
- Еко-одборот ги продолжија своите состаноци донесуваа одлука за спроведување на активности, ги следеа досегашните активности.

Планот на активности содржи временски рамки кои кажуваат кога треба да се реализираат предвидените активности, како и потребните материјални средства за реализација на истите.

Еко патролите секојдневно ја следеа ситуацијата во училиштето и училишниот двор, како се однесува секој од нас во однос на хигиената и штедењето на вода, струја.

Една од активностите кои ги реализиравме со голем успех беше и одбележувањето на Светскиот Ден на акција.

Еко-одборот врши континуирано следење на напредокот во постигањето на поставените цели со планот на активностите, со една единствена цел, да се оцени успехот на активностите и да се одржи интересот за програмата во целото училиште.

Изготвил:

Валентина Станоевска

**Извештај од реализирани екскурзии во учебната 2017/2018**

Врз основа на член 28 став 1 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта на МОН бр.07-9992/2 од 05.06.2014, Стручниот тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни активности во училиштето за учебна 2016/2017 година, го составува следниот,

**ИЗВЕШТАЈ**

***со оценка за реализација и квалитетот на дадените услуги од спроведената ученичка екскурзија за учениците од III одделение***

Планираната еднодневна екскурзија со учениците од III одделение при ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево беше спроведена на ден 19.05.2018 година.

Екскурзијата беше во организација на ТА „ Патник“ – Гевегелија, а патуваа 42 ученика и четири наставника, како и доктор и водич ангажирани од страна на агенцијата.

Одделенските раководители кои учествуваа во реализацијата на екскурзијата го изготвува овој извештај со кој оценува дека екскурзијата беше успешно реализирана со посета на сите места и локалитети кои се планирани со Програмата за изведување на ученичка екскурзија и други слободни активности со учениците од III одделение и прифатената понуда за изведување на ученичките екскурзии, со остварување на нивните основни цели, и тоа запознавање на културно-историските знаменитости; развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности; изучување и истражување на верските и историските објекти; развивање интерес за природата и градење на еколошки навики; запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви; нивна социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за самите себе.

Во однос на квалитетот на дадените услуги,еднодневна екскурзија за учениците од трето одделение беше изведена од страна на ТА „ Патник“ – Гевегелија, која на едно високо, професионално ниво, квалитетно ги обезбеди сите услуги согласно прифатената понуда.

Одделенски раководители:
Јадранка Цветковска
Јагода Стојкова
Лилјана Дончевска
Емилија Димеска

Врз основа на член 28 став 1 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта на МОН бр.07-9992/2 од 05.06.2014, Стручниот тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни активности во училиштето за учебна 2017/2018 година, го составува следниот,

**ИЗВЕШТАЈ**

***со оценка за реализација и квалитетот на дадените услуги од спроведената ученичка екскурзија за учениците од VI одделение***

Планираната дводневна екскурзија со учениците од VI одделение при ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево беше спроведена во периодот од 23.05 до 24.05.2018 година.

Екскурзијата беше во организација на ТА „ Патник“ – Гевегелија, а патуваа 17 ученика и двајца наставници, без доктор и водич.

Одделенските раководители кои учествуваа во реализацијата на екскурзијата го изготвија овој извештај со кој оценува дека екскурзијата беше успешно реализирана со посета на сите места и локалитети кои се планирани со Програмата за изведување на ученичка екскурзија и други слободни активности со учениците од VI одделение и прифатената понуда за изведување на ученичките екскурзии, со остварување на нивните основни цели, и тоа запознавање на културно-историските знаменитости; развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности; изучување и истражување на верските и историските објекти; развивање интерес за природата и градење на еколошки навики; запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви; нивна социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за самите себе.

Во однос на квалитетот на дадените услуги, дводневната екскурзија за учениците од шесто одделение беше изведена од страна на ТА „ Патник“ – Гевегелија, која ги обезбеди сите услуги согласно прифатената понуда, освен лекар и водич

Одделенски раководители
Бранко Соколчевски
Магдалена Поповска

Врз основа на член 28 став 1 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта на МОН бр.07-9992/2 од 05.06.2014, Стручниот тим за подготовка на Програмата за екскурзии и други слободни активности во училиштето за учебна 2016/2017 година, го составува следниот,

**ИЗВЕШТАЈ**

***со оценка за реализација и квалитетот на дадените услуги од спроведената ученичка екскурзија за учениците од IX одделение***

Планираната тридневна екскурзија со учениците од IX одделение при ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево беше спроведена во периодот од 20.05 до 22.05.2018година.

Екскурзијата беше во организација на ТА „ Патник“ – Гевгелија, а патуваа 38ученика и тројца наставници, како и доктор и водич ангажирани од страна на агенцијата.

Одделенските раководители кои учествуваа во реализацијата на екскурзијата го изготвува овој извештај со кој оценува дека екскурзијата беше успешно реализирана со посета на сите места и локалитети кои се планирани со Програмата за изведување на ученичка екскурзија и други слободни активности со учениците од IX одделение и прифатената понуда за изведување на ученичките екскурзии, со остварување на нивните основни цели, и тоа запознавање на културно-историските знаменитости; развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности; изучување и истражување на верските и историските објекти; развивање интерес за природата и градење на еколошки навики; запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви; нивна социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за самите себе.

Во однос на квалитетот на дадените услуги тридневната екскурзија за учениците од деветто одделение беше изведена од страна на ТА „ Патник“ – Гевгелија, која на едно високо, професионално ниво, квалитетно ги обезбеди сите услуги согласно прифатената понуда.

Одделенски раководители
Валентина Станоевска
Ванчо Сивевски
Наташа Беџовска

**Извештај од изречени педагошки мерки во учебната 2017/2018**

Согласно Законот за основно образование, Статутот на ООУ „Ванчо Китанов“ и Правилникот за изрекување на педагошки мерки на учениците во учебната 2017/20178година се изречени следните педагошки мерки --

***Прво полугодие:***

- Педагошка мерка – укор на ученичката Елсима Адилова поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран до два пати во одделенската книга на местото за забелешки и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.11.2017 година;
- Педагошка мерка - укор на ученикот Мустафа Усеинов поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран до два пати во одделенската книга на местото за забелешки и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.11.2017 година;
- Педагошка мерка - укор на ученикот Борис Илиевски поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга до 2 пати, нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати во одделенската книга) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.11.2017 година;

- Педагошка мерка - Укор на ученикот Атанаско Стефановски поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран до два пати во одделенската книга на местото за забелешки и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.11.2017 година;
- Педагошка мерка - Укор на ученикот Војдан Павловски поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран до два пати во одделенската книга на местото за забелешки и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.11.2017 година;
- Педагошка мерка - укор на ученикот Христијан Јангелов поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга до 2 пати, нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати во одделенската книга) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.11.2017 година;
- Педагошка мерка - укор на ученикот Андреј Велковски поради нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати во одделенската книга) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.11.2017 година;
- Педагошка мерка – Укор на ученикот Филип Крмарски поради поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга до два пати и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.11.2017 година;
- Педагошка мерка – Укор и Усна опомена на ученикот Давид Секуловски поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката и училиштето (ученикот е евидентиран до два пати и од три до пет пати во одделенската книга на местото на забелешки) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.11.2017 година;
- Педагошка мерка – Укор и Усна опомена на ученикот Мартин Михаилов поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката и училиштето (ученикот е евидентиран до два пати и од три до пет пати во одделенската книга на местото на забелешки) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.11.2017 година;
- Педагошка мерка - укор на ученикот Димитар Јангелов поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга до два пати, нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати во одделенската книга) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.11.2017 година;
- Педагошка мерка - укор на ученикот Иван Ајтарски поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга до 2 пати, нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати во

одделенската книга) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.11.2017 година;

- Педагошка мерка - укор на ученикот Димитар Кратевски поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга до 2 пати, нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати во одделенската книга) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.11.2017 година;
- Педагошка мерка - укор на ученикот Славе Петровски поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга до 2 пати, нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати во одделенската книга) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.11.2017 година;
- Педагошка мерка - Укор и Усна опомена на ученикот Ален Кадриов поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга до 2 пати и од 3-5 пати на местото на забелешки , нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати и од 4-6 пати во одделенската книга) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.11.2017 година;
- Педагошка мерка – Укор и Усна опомена на ученикот Атанас Каракашевски Петров поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга до 2 пати и од 3-5 пати на местото на забелешки , нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати и од 4-6 пати во одделенската книга) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.11.2017 година;
- Педагошка мерка – Укор и Усна опомена на ученикот Мехмет Грутков поради нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати и од 4-6 пати во одделенската книга) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 21.11.2017 година;
- Педагошка мерка – писмена опомена, намалување на поведението на добро и намалување на поведението на незадоволително на ученикот Мехмет Грутков поради нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 7-11 пати, од 11-15 пати и од 16-20 пати во одделенската книга) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 21.11.2017 година, од страна на Одделенскио совет, Наставничкиот совет и Директорот при ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево;
- Педагошка мерка – Укор на ученикот Ерај Нехтепаров поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга до 2 пати на местото на забелешки, нередовно посетување на

училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати во одделенската книга) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 21.11.2017 година;

- Педагошка мерка – Укор на ученикот Озѓан Алиевски поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга до 2 пати на местото на забелешки, нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати во одделенската книга) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 21.11.2017 година;

**Сумирано, во првото полугодие од учебната 2017/2018 година се изречени вкупно 27 педагошки мерки, од кои:**

- **укор на 19 ученика;**
- **усна опомена на 5 ученика;**
- **писмена опомена на 1 ученик;**
- **намалување на поведението на добро на 1 ученик;**
- **намалување на поведението на незадоволително на 1 ученик.**

***Второ полугодие:***

- Педагошка мерка – укор и усна опомена на ученичката Садбер Барјактарова поради нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати и од 4-6 пати во одделенската книга) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 30.01.2018 година;
- Педагошка мерка – укор на ученичката Џенета Алити поради нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати во одделенската книга), односно има два неоправдани изостаноци и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 30.01.2018 година;
- Педагошка мерка – укор на ученикот Христијан Лазаровски поради нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати во одделенската книга) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 12.02.2018 година;
- Педагошка мерка – укор на ученикот Александар Стојков поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга до 2 пати на местото на забелешки, нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати во одделенската книга) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 13.02.2018 година;
- Педагошка мерка – укор на ученикот Иса Халити поради нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати во одделенската книга), односно има два неоправдани

изостаноци и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 05.03.2018 година;

- Педагошка мерка – укор и усна опомена на ученикот Рашит Адилов поради нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати и од 4-6 пати во одделенската книга), односно има пет неоправдани изостаноци; попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга до 2 пати на местото на забелешки и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 12.03.2018 година;
- Педагошка мерка – укор на ученикот Стојанчо Величков поради нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати во одделенската книга), односно има три неоправдани изостаноци и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.03.2018 година;
- Педагошка мерка – укор на ученикот Андреј Вуксанов поради нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати во одделенската книга), односно има два неоправдани изостаноци и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.03.2018 година;
- Педагошка мерка – укор на ученикот Георги Манчевски поради нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати во одделенската книга), односно има три неоправдани изостаноци и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.03.2018 година;
- Педагошка мерка – укор на ученикот Ѓорѓи Сапаловски поради нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати во одделенската книга), односно има два неоправдани изостаноци и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.03.2018 година;
- Педагошка мерка – укор на ученикот Васко Лазаровски поради нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 1-3 пати во одделенската книга), односно има два неоправдани изостаноци и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 20.03.2018 година;
- Педагошка мерка – укор на ученикот Ибраим Едипов поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга до 2 пати на местото на забелешки и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 02.04.2018 година;
- Педагошка мерка – укор и усна опомена на ученикот Омер Демиров поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга до 2 пати и од 3-5 пати на местото на забелешки и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 12.04.2018 година;

- Педагошка мерка – укор на ученикот Амел Ошафов поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга до 2 пати на местото на забелешки и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 16.04.2018 година;
- Педагошка мерка – укор на ученикот Јусуф Пилов поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга до 2 пати на местото на забелешки и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 16.04.2018 година;
- Педагошка мерка – усна опомена на ученикот Ерај Нехтепаров поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга од 3-5 пати на местото на забелешки и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 24.04.2018 година;
- Педагошка мерка – укор на ученикот Семир Алиевски поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга до 2 пати на местото на забелешки и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 30.04.2018 година;
- Педагошка мерка – усна опомена на ученикот Озѓан Алиевски поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга од 3-5 пати на местото на забелешки, нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 4-6 пати во одделенската книга) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 07.05.2018 година;
- Педагошка мерка – укор и усна опомена на ученикот Бојан Постоловски поради попречување на воспитно – образовната работа во паралелката, ученикот е евидентиран во одделенската книга до 2 пати на местото на забелешки, нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 4-6 пати во одделенската книга) и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 08.05.2018 година;
- Педагошка мерка – усна опомена, писмена опомена, намалување на поведението на добро, намалување на поведението на незадоволително на ученикот Иса Халити поради нередовно посетување на училиштето, односно поголем број на неоправдани изостаноци (ученикот е евидентиран од 4-6 пати, 7-10 пати, 11-15 пати, 16-20 пати во одделенската книга), односно има дваесет неоправдани изостаноци и непочитување на Кодексот на однесување на училиштето, изречена на 07.06.2018 година.

**Сумирано, во второто полугодие од учебната 2017/2018 година се изречени вкупно 27 педагошки мерки, од кои:**

- **укор на 17 ученика;**
- **усна опомена на 7 ученика;**
- **писмена опомена на 1 ученик;**
- **намалување на поведението на добро на 1 ученик;**

- **намалување на поведението на незадоволително на 1 ученик.**

***Во учебната 2017/2018 година се изречени вкупно 54 педагошки мерки, од кои:***

- ***укор на 36 ученика;***
- ***усна опомена на 12 ученика;***
- ***писмена опомена на 2 ученика;***
- ***намалување на поведението на добро на 2 ученика;***
- ***намалување на поведението на незадоволително на 2 ученика.***

**Изготвил**
*Училишен психолог*
Ивана Крчева

**Извештај за постигнати резултати од учество на натпревари во учебната 2017/2018**

Учениците од нашето училиште заедно со нивните наставници -ментори, многу активно се вклучија во натпреварите што се одржаа на општинско, регионално и државно ниво.

На општинскиот натпревар по математика учествуваа многу наши ученици од петто до деветто одделение под менторство на нивните одделенски и предметни наставници по математика, и повеќето добија второ и трето место и се пласираа на регионалниот натпревар, а дел од нив добија само пофалници. На регионалниот натпревар по математика учествуваа учениците - Елена Павловска и Бојан Ќурчиски кои добија пофалница, под менторство на наставничката Марија Тасевска Кировски, Ефтим Бојчовски и Димитар Карбински освоија трето место, а Димитар Андоновски и Давид Стефановски освоија пофалница под менторство на наставничката Оливера Кратевска. Голем број на ученици од нашето училиште, од прво до деветто одделение, зедоа учество на Меѓународниот натпревар по математика „Кенгур“ и освоија втори, третти места и пофалници, под менторство на нивните наставници. Ученичката Елена Павловска како ученик со најмногу поени на ниво на училиште учествуваше на финалниот круг на „Европски кенгур“ каде што се закити со сребрен медал под менторство на наставничката Марија Тасевска Кировски.

На општинскиот натпревар по биологија и природни науки, под менторство на наставничката Валентина Станоевска, учествуваа дваесет ученици од петто до деветто одделение и четиринаесет од нив се пласираа на регионалниот натпревар и освоија солидни резултати. На регионалниот натпревар по биологија ученичката Златка Поповска се пласираше на државниот натпревар каде што освои трета награда на републичко ниво.

На регионалниот натпревар организиран од Народна техника – применета биологија, под менторство на наставничката Валентина Станоевска учествуваа ученичките Златка Поповска (агротехника) и Клара Бојчовска (екологија) каде што и двете се пласираа на државен натпревар, на кој што учествуваше само ученичката Клара Бојчовска и доби пофалница.

На регионалниот натпревар по географија под менторство на наставничката Николина Каракашова учествуваа Елена Павловска (прво место), Бојан Ќурчиски (второ место) и Михаела Костовска (трето место), каде што сите се пласираа за учество на државен натпревар и сите освоија втора или трета награда на државно ниво - Елена Павловска (втора награда), Бојан Ќурчиски (втора награда) и Михаела Костовска (трета награда).

Под менторство на наставничката по француски јазик Магдалена Поповска на регионалниот натпревар по француски јазик за спелување учествуваа ученичките Несрина Демирова и Марија Чучуковска каде што ученичката Несрина Демирова освои второ место. На регионалниот натпревар по француски јазик „Олимпијади“ учествуваа ученички од деветто одделение Стефани Вуксанова која освои второ место и Надица Ставровска која освои трето место. На државниот натпревар по француски јазик за VI одделение ревијално со изработка на PPT презентации учествуваа повеќе ученици.

Под менторство на наставничката по германски јазик во септември неколку наши ученици учествуваа на Меѓународниот литературен конкурс „Јас и ти – ние сме Европа“ каде што на двајца ученици имаше објавено раскази – Димитар Симовски и Марија Митревска. Исто така неколку ученици од VI оддление зедоа учество на регионалниот натпревар по германски јазик.

Под менторство на натавниците Јулија Велковска, Оливера Кратевска и Јадранка Цветковска неколку ученици од нашето училиште зедоа учество на Меѓународниот фестивал „Дечје царство“ и „Машта и снови“ – Србија.

На општинскиот натпревар по англиски јазик, под менторство на наставничките Виолета Ѓорѓиевска и Александра Ковачовска учествуваа тројца ученици од кои ученичката Златка Поповска освои пофалница и двајца ученици освоија прво место – Мартин Чабуковски и Димитар Андоновски и се пласираа на регионалниот натпревар каде што освоија пофалница. На реализираниот натпревар по англиски јазик за деветто одделение во ПСУ „Јахја Кемал“ – Струмица учествуваа повеќе ученици кои што добија пофалница под менторство на наставничката Александра Ковачовска.

На организиран општински натпревар по футсал – екипно под менторство на наставниците по Физичко и здравствено образование Афродита Денковска и Горан Младеновски екипата од нашето училиште освои прво место и се пласираше на регионален натпревар по футсал каде што освоија трето место.

Училишниот хор и оркестар, традиционално, како и секоја година и оваа година учествуваа на натпревари. Училишниот хор освои второ место на регионален натпревар, додека училишниот оркестар се пласира на државниот натпревар каде што освои прво место на државно ниво. Ментор беше наставникот по музичко образование Александар Параско в.



**Изготвил**
*Училишен психолог*
Ивана Крчева

**ИЗВЕШТАЈ**
**од тимот за МИО за реализирани часови и активности за учебната 2017/2018**

Од страна на членовите на Тимот за меѓуетничка интеграција наставниците во учебната 2017/2018 се задолжени во своите годишни и тематски планирања во редовните часови и во часовите по животни вештини да вметнат елементи во кои ќе реализираат активности од меѓуетничка интеграција во образованието. Бидејќи се уште немаме партнер училиште сите активности кои се реализираа беа самостојни/мултикултурни активности. Од страна на повеќе наставници беа предадени извештаи за часови со вклучени смостојни активности во редовната настава и во часовите по животни вештини. Извештаи беа предадени од следните наставници:

- Одделенски актив на II одделение - ОЖВ работилници: Тоа сум јас со учениците од второ одделение реализирана на 18.09.2017 година; Моите другари реализирана на 16.10.2017 година; И различните можат да се дружат реализирана на 26.02.2018 година; Општество: Празнување на верски празници на националностите реализиран на 07.12.2017 година; Местото во кое живеам, Национален состав во местото на живеење и меѓунационалните односи реализиран на 23.12.2017 година; Македонски јазик: Самостојно прераскажување на слушани приказни од возрасните реализиран на 14.04.2018 година;

- Одделенски актив на III одделение - ОЖВ работилници: Роденденот на Орхан со учениците од трето одделение; Градење слика за себе како член на семејството и како ученик – Моето семејство реализирана на 26.10.2017 година; Децата со најубави имиња – Татковината ја сакаме иако сме од различна етничка припадност реализирана на 17.11.2017 година; Формирање, одржување и прекинување врски – Животните мои другари реализирана на 17.04.20178 година; Справување со насилничко однесување, Насилство – Стоп! реализирана на 09.05.2018 година;

- Одделенски актив на IV одделение - ОЖВ работилници: Дел по дел - сложувалка со учениците од четврто одделение реализирана септември 2017 година; Истражувачка активност (Меѓусебно поддржување и соработка) и Истражувачка активност (Почитување на другите, недискриминација); Претстави ја Македонија реализирана во април 2018 година; Исмеаната Леа реализирана во јуни 2018 година;

- Љубинка Михаиловска – општество – Празнување на верските празници на националностите со учениците од второ одделение реализирана на 07.12.2017 година; Местото во кое живеам – Национален состав во местото на живеење и меѓунационалните односи реализирана на 23.03.2018 година; македонски јазик: Интерпретација на песната „Божиќ е“ Прославување на верскиот празник во семејството кај неговото другарче реализирана на 30.12.2017 година;

- Оливера Кратевска - ОЖВ работилници: Претстави ја Македонија со учениците од петто одделение реализирана на 16.10.2017 година; Исмеаната Леа реализирана на 30.10.2017 година; Извор на конфликти реализирана на 04.12.2017 година; општество: Религии и верски институции во Р Македонија реализирана на 28.12.2017 година; Колку многу групи – Составуваме албум со народни носии реализирана на 26.02.2018 година; Традиционалниот празник Велигден реализиран на 12.04.2018 година; Религиски и верски заедници реализиран на 23.04.2018 година;

- Јулија Велковска – македонски јазик – Првите македонски просветители со учениците од осмо одделение реализирана септември – октомври 2017 година ; Лектира „Калеш Анѓа“ од Стале Попов со учениците од осмо одделение реализирана ноември – декември 2017 година; Разговор како вид на комуникација со учениците од седмо одделение реализирана ноември 2017 година; Настап со натпис во весник со учениците од шесто одделение реализирана февруари 2018 година; Разговор како вид на комуникација со учениците од шесто одделение реализирана март 2018 година;

- Емилија Аврамска – на час по англиски јазик во второ одделение Облека – лексика (дискусија за традиционална облека) реализиран на 25.10.2017 година; на час по англиски јазик во петто одделние Искажување навики и омилени јадења реализиран на 27.10.2017 година и Активности за Божиќ и Нова година реализиран на 29.12.2017 година;

- Павлина Мановска – на час по англиски јазик во второ одделение Главни дневни оброци – лексика, реализиран на 19.03.2018 година; час во четврто одделение Облека – лексика, реализиран на 07.05.2018 година;

- Александра Ковачовска – Активности за Божиќ и Нова Година, час по англиски јазик во второ одделение реализиран на 20.12.2017 година; Главни дневни оброци – лексика со учениците од второ одделение реализиран на 14.03.2018 година и Облека – лексика, реализиран на 09.05.2018 година; часови во трето одделение – Вежби со лексиката за храна и пијалоци реализиран на 29.03.2018 година; Активности за Божиќ, реализиран на 25.12.2017 година; часови во петто одделение - Активности за Божиќ и Нова Година, реализиран на 20.12.2017 година; Активности за Свети Валентин, реализиран на 12.02.2018 година; часови во седмо одделение – Обработка на текстот Life in Britain реализиран на 12.10.2017 година; Обработка на текстот Would You Like Some Waffles?, реализиран на 03.05.2018 година; Часови во деветто одделение - Обработка на текстот Festival Fun реализиран на 07.09.2017 година; Обработка на текстот Bullying, реализиран на 06.02.2018 година; Обработка на текстот Friendship, реализиран на 09.02.2018 година;

- Милан Трајановски – хемија со ученици од осмо одделение, Хемиски симболи, реализиран на 11.11.2017 година;

- Лидија Голчовска - ОЖВ работилници со учениците од седмо одделение: Формирање, одржување и прекинување врски, Збогум пријателство, реализирана на 03.10.2017 година; Справување со емоции „Покажи ми љубов“, реализирана на 17.10.2017 година; Справување со насилничко однесување, Реакции на омаловажување, реализирана на 24.10.2017 година; Градење позитивен однос кон својата земја – Македонија, реализирана на 26.12.2017 година; Градење чувство за општоцивилизациска припадност – Здраво, реализирана на 13.02.2018 година; Истражување на родниот крај: Истражување на верски објекти во блиска околина, реализиран на 15.09.2017 година, Готвење, реализиран на 27.09.2017 година;

- Мирјана Стефановска – ОЖВ работилници во осмо одделение - Избор на одделенска заедница реализирана на 15.09.2017 година; Стрес, реализирана на 13.10.2017 година; Македонија, реализирана на 09.12.2017 година; Автомеханичарки, реализирана на 22.12.2017 година; Заштита од пушење, реализирана на 23.03.2018 година;

- Николина Каракашова – ОЖВ работилници во седмо одделение - Формирање, одржување и прекинување врски, Збогум пријателство, реализирана на 13.10.2017 година; Справување со емоции „Покажи ми љубов“, реализирана на 28.10.2017 година; Справување со насилничко однесување, Реакции на омаловажување, реализирана на 03.11.2017 година; Градење позитивен однос кон својата земја – Македонија, реализирана на 02.02.2018 година; Градење чувство за општоцивилизациска припадност – Здраво, реализирана на 02.03.2018 година; Изработка на книга со симболи и народни носии на етничките заедници во Р Македонија во седмо одделение реализиран на 22.01.2018 година;

- Александар Парасков – музичко образование кај учениците од шесто одделение – Изворни народни инструменти кај „етникумите“ во Македонија, реализиран март – април 2018 година;

- Валентина Станоевска – ОЖВ работилници во деветто одделение – Разлики и сличности, реализирана на 19.09.2017 година; Линија на пријателство, реализирана на

31.10.2017 година; Одделување на социјални притисоци, реализирана на 30.01.2018 година; Стекнување навики за здрава храна, реализирана на 27.02.2018 година; Да го дефинирама оружјето, реализирана на 03.04.2018 година;  природни науки: во петто одделение - Сличности и разлики меѓу животен циклус на растенијата, Биодиверзитет, реализиран на 24.04.2018 година; во шесто одделение – Традиционална храна, реализиран на 26.09.2017 година; биологија: во седмо одделение – Адаптација на абиотички и биотички фактори, реализиран на 18.04.2018 година;

- Наташа Беџовска – ОЖВ работилници во деветто одделение – На местото на другиот, реализирана на 28.11.2017 година; Работилница - Македонија, реализирана на 13.02.2018 година; македонски јазик: во шесто одделение – Животот и обичаите на Ромите во Македонија, реализирана на 29.09.2017 година; во седмо одделение – Читање и прераскажување на народни (ромски, турски и македонски) приказни по индивидуален избор на учениците, реализиран на 15.09.2017 година; во осмо одделение – Писмена вежба на тема „Желбата и љубовта се крилја за големи дела“, реализиран на 19.11.2017 година.

- Афродита Денковска - ОЖВ работилници во осмо одделение – Справување со успех/неуспех „Те сакам на друг јазик“, реализирана на 12.10.2017 година; Формирање одржување и прекинување врски. Линија на пријателство, реализирана на 26.10.2017 година; Градење позитивен однос кон својата земја – Македонија, реализирана на 25.01.2018 година;

- Виолета Ѓорѓиевска - ОЖВ работилници во осмо одделение – Справување со успех/неуспех „Те сакам на друг јазик“, реализирана на 18.10.2017 година; Формирање одржување и прекинување врски. Линија на пријателство, реализирана на 01.11.2017 година; Градење позитивен однос кон својата земја – Македонија, реализирана на 24.01.2018 година;

- Трајче Станоевски - ОЖВ работилници во седмо одделение – Формирање одржување и прекинување врски. Збогум пријателство пријателство, реализирана на 05.10.2017 година; Справување со емоции „Покажи ми љубов“, реализирана на 19.10.2017 година; Справување со насилничко оснесување, Реакции на омаловажување, реализирана на 26.10.2017 година; Градење позитивен однос кон својата земја – Македонија, реализирана на 08.01.2018 година; Градење чувство за општоцивилизациска припадност, Здраво, реализирана на 15.02.2018 година.

**Изготвил**
*Училишен психолог*
Ивана Крчева

**ИЗВЕШТАЈ**

**од советување на родители/ученици за учебната 2017/2018**

Согласно Законот за основно образование и програмите за советување на родители и советување на ученици во учебната 2017/2018 година, после секоја родителска средба се одржуваат работилници за советување на родители и работилници за советување на ученици – во просек три пати годишно.

Работилниците за советување на родители се спроведуваат во две средби со времетраење од 60 минути. Родителите во три остварени средби беа повикани на советување по основ на намалениот успех на нивните деца во училиштето, имаа три или повеќе слаби, а во две од нив освен намален успех родителите беа повикани и по основ на нередовно посетување на настава – над 10 неоправдани изостаноци или над 100 оправдани изостаноци. Првите средби од работилницата за советување на родители започнуваат со запознавање на присутните родители со програмата за советување на родители и претставување на учесниците на советувањето. Родителите се запознаваат со правилата на работа. Се истакнува целта на советувањето и важноста од поактивното вклучување на родителите во училишниот живот на своите деца. На родителите им се презентираат повеќе можности за подобрување на успехот на нивните деца преку заедничка интеракција и споделување на меѓусебни искуства и донесување на заеднички заклучоци. Првата средба секогаш завршува со соопштување на темите предвидени за втората средба, определување на датумот за одржување на втората средба и истакнување на придобивките од соработката помеѓу училиштето и родителите. Вторите средби од работилницата за советување на родители започнува со краток преглед на првата средба. Се нагласува важноста и придонесот на родителите во вклучувањето за подобрување на училишниот успех на учениците. На родителите им се презентираат стиловите на родителство, а потоа со повеќе примери родителите се насочуваат како да ја подобрат комуникацијата со своите деца и да го подигнат родителскиот авторитет. Околу отсуствата на родителите им беше укажано дека тоа има негативно виљание врз успехот и поведението на учениците без разлика дали е оправдано или неоправдано отсуство. Средбите завршуваат со резимирање и давање препораки од родителите. На организираните работилници оваа учебна година присуствуваа сите поканети родители, по прва или по втора испратена покана.

| | | **прва средба** | **втора средба** |
|---|---|---|---|
| **Прва работилница** | ***датум на одржување*** | 13.12.2017 година | 20.12.2017 година |
| | ***поканети родители*** | 11 родитела (1 родител татко на два ученика) | 11 родитела (1 родител татко на два ученика) |
| | ***присутни родители*** | 11 родитела (1 родител татко на два ученика) | 11 родитела (1 родител татко на два ученика) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Втора работилница** | ***датум на одржување*** | 05.02.2018 година | 19.02.2018 година |
| | ***поканети родители*** | 9 родители (1 родител татко на два ученика) | 9 родители (1 родител татко на два ученика) |
| | ***присутни родители*** | 9 родители (1 родител татко на два ученика) | 9 родители (1 родител татко на два ученика) |
| **Трета работилница** | ***датум на одржување*** | 08.05.2018 година | 15.05.2018 година |
| | ***поканети родители*** | 7 родители (1 родител татко на два ученика) | 7 родители (1 родител татко на два ученика) |
| | ***присутни родители*** | 7 родители (1 родител татко на два ученика) | 7 родители (1 родител татко на два ученика) |

Работилниците за советување на ученици се реализираа во една средба со времетраење од 40 – 60 минути. Учениците во сите три остварени средби беа повикани на советување по основ на намалениот успех во училиштето, имаа три или повеќе слаби и по основ на нередовно посетување на настава – над 10 неоправдани изостаноци или над 100 оправдани изостаноци. Работилниците на кои беа повикани учениците беа со иста цел, да се согледаат причините за слабиот успех на учениците и учениците да научат да изнајдат најсоодветни начини за ефективно учење, најчесто преку искуствено учење и да им се укаже дека секое изостанување од настава има негативно влијание врз нивниот успех и поведение. На работилниците учествуваа сите пријавени ученици.

(**Бројот на ученици е поголем од бројот на родители затоа што се работеше за брат и сестра за кои на советувањето присуствуваше еден родител)

| **Средби со учениците** | | |
|---|---|---|
| **Прва работилница** | ***датум на одржување*** | 22.12.2017 година |
| | ***пријавени ученици*** | 12 ученици |
| | ***присутни ученици*** | 12 ученици |
| **Втора работилница** | ***датум на одржување*** | 22.02.2018 година |
| | ***пријавени ученици*** | 10 ученика |
| | ***присутни ученици*** | 10 ученика |
| **Трета работилница** | ***датум на одржување*** | 28.05.2018 година |
| | ***пријавени ученици*** | 8 ученика |
| | ***присутни ученици*** | 8 ученика |

Работилниците и за советување на родители и за советување на ученици беа успешно спроведени и реализирани и на крајот на учебната 2017/2018 година. Еден ученик од VI одделение има една слаба по природни науки –

Бојан Постоловски. Петмина ученици при ПУ с. Црник имаат слаби оцени – Озѓан Алиевски од VI одделение има две слаби оцени по македонски и англиски јазик, Адем Шамкаров и Ерај Нехтепаров од VI одделение имаат по една слаба по француски јазик, Селма Арнаутова и Омер Демиров од VII одделение имаат по една слаба по француски јазик. Сите тие ученици посетуваа дополнителна настава во месец јуни. По завршување на дополнителната настава тие добија прелазни оцени и ја завршија наставната година.

Тројца ученици останувaат во истото одделение, истите ученици и родители беа вклучени во работилницата за советување секој пат кога таа се одржуваше. Ученици кои останувaат во истото одделение се: Севдие Фазлиова VI одделение од централното училиште од Пехчево, Рашит Адилов VI одделение при ПУ с. Црник и Мехмет Грутков VII одделение при ПУ с. Црник.

**Изготвил**
*Училишен психолог*
Ивана Крчева

**Заклучни согледувања**

Планираните часови од задолжителната, изборната и другите видови настава се целосно реализирани според наставниот план со измените и програмите на наставниците.

Часовите од дополнителна настава се реализирани според потребите на учениците.

Активностите од воннаставните активности се реализирани според Годишната програма.

Активностите планирани во програмите на стручните активи, програмите на стручните соработници, психологот и педагогот, во оваа учебна година се реализирани.

Динамиката на реализација на содржините од Годишната програма за работа по сите подрачја не отстапува од календарот за работа.

Задачите на Училишниот одбор и Советот на родители се реализирани според потребите на училиштето, на солидно ниво.

*,,Образованието е фундаментално човеково право.Тоа им пружа на децата, младите и возрасните моќ критички да размислуваат, да прават избор и да си го подобрат животот,,*

Јуни 2018 година

Подготвил:
Директор
Добрила Јовевска

Училишен одбор
Претседател
___________________

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за усвојување на Програмата за развој на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на Програмата за развој на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на десеттата седница одржана на ден 23.07.2018 година.

Бр. 09-945/4 Градоначалник на
23.07.2018 год. Општина Пехчево
Пехчево Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.07.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на програмата за развој на ООУ „Ванчо Китанов„ - Пехчево за учебната 2017/2018, 2018/2019, 2019-2020 и 2020-2021 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука советот на општина Пехчево ја усвојува програмата за развој на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2017/2018, 2018/2019, 2019-2020 и 2020-2021 година.

**Член 2**

Програмата за развој на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2017/2018, 2018/2019, 2019-2020 и 2020-2021 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-934/1 Совет на општина Пехчево
23.07.2018 година Претседател
Пехчево Николчо Јовчев с.р

---

***ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ***
***„Ванчо Китанов''***
***Пехчево, ОПШТИНА Пехчево***

# ***ПРОГРАМА***

## ***ЗА РАЗВОЈ НА УЧИЛИШТЕТО***

***За учебните 2017/2018, 2018/2019, 2019/20 и 2020/2021 години***



*Јануари, 2018*

**Вовед**

***„Нема активности без претхотно изготвен соодветен план***“

Секоја организација има своја суштинска цел на постоење. Мисијата на секое училиште е да ги следи промените во општеството, но и самото тоа да креира потребни промени. Современото образование бара да се обезбеди квалитет и високи достигнувања во својата работа.

Училишното развојно планирање не е ниту лесен, ниту едноставен процес, имајќи ја во предвид комплексноста на ВОД, а притоа почитувајќи го јавното мислење. Тоа претставува организиран, систематизиран и институционализиран процес, континуиран и творечки, базиран на постојано истражување, анализирање и откривање на сопствените потреби на училиштето, како и осмислување на начинот на кои тие потреби ќе се задоволат.

Концептот на развојното планирање опфаќа повеќе фази:

- Фаза на дијагноза
- Фаза на фокусирање
- Фаза на планирање
- Фаза на имплментација
- Фаза на евалуација.

Покрај наведените фази може да се разликуваат и следните чекори:

- Анализа на состојбата на училиштето
- Утврдување на расположивите ресурси во училиштето и неговото окружување
- Дефинирање на мисијата
- Утврдување на потребите и определување на приоритетите
- Дефинирање на развојните цели
- Определување на задачите, активностите, носителите и временската рамка
- Евалуација

Од аспект на училишното развојно планирање, пред започнувањето на било каква промена или реализација на нова идеја, неопходно е потребно на самиот почеток да се согледа и анализира постојната состојба. Анализата се однесува на снимање на моменталната ситуација во училиштето, односно на неговите силни (добри) или слаби (лоши) страни. **Програмата за развој на училиштето** е изработена врз основа на резултатите од самоевалуацијата од крајот на учебната 2016/2017 година.

## Анализа на состојбата во училиштето

***Што постигнало училиштето и до каде стигнало?***
***Силни или добри страни на училиштето:***

### Наставни планови и програми

- ✓ Наставата се организира и реализира согласно наставните планови и програми.
- ✓ Наставниците изготвуваат тематско процесно планирање и годишни планирања кои ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на часот.
- ✓ Наставниот кадар е стручен и соодветен за реализација на наставните планови и програми подготвени од МОН.
- ✓ Наставниците работат тимски и разменуваат меѓусебниискуства во однос на наставните програми
- ✓ Секој наставник подготвува годишно планирање кое го доставува до стручната служба на почетокот на учебната година и тематски процесни планирања кои ги доставува или на почетокот на годината за целата учебна година или една седмици пред почетокот на секоја нова тема.
- ✓ Наставниците изработуваат и критериуми за оценување кои се вметнати во тематските процесни планирања.
- ✓ Наставниците, размената на искуства и информации при планирањето на наставниот процес ја прават во рамките на стручните активи, во разговор со колеги од колективот и во разговор со колеги од истородни предмети од други училишта.
- ✓ За реализирање на наставата наставниците користат разновидни и современи наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Притоа, тие ги користат расположливите ресурси во училиштето.
- ✓ Успешна реализација на програмата за ,,Образование за животни вештини“.
- ✓ Успешна реализација на програмата ,,Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“, преку интегрирање во планирањата по наставните предмети.
- ✓ Успешна реализација на проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“, преку интегрирање во планирањата по сите наставни предмети, како и во работата на училишниот педагог и училишниот психолог;
- ✓ Успешна реализација на сите проекти во кои е вклучено училиштето, вклучување на наставниците, учениците и родителите во активностите и успешна промоција на резултатите.

### Постигнувања на учениците

- ✓ Приодот на наставникот со учениците е индивидуален и адекватен според можностите, способностите и интересите на ученикот.
- ✓ Вклучување на учениците во различни проекти и нивните трудови се истакнувани на видни места во ходниците на училиштето или во самите училници.
- ✓ Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и да учествуваат во давање предлози и преземање одговорност.

- ✓ Наставниците водат грижа за образовните потреби насекој ученик преку организирање и реализирање: дополнителна настава, додатна настава, преку темелно објаснување на материјалот.
- ✓ Следење на интересот и способноста на ученикот, нивната специфичност, стабилност и променливост.
- ✓ Се следи мотивираноста за учење на ученикот, каква е неговата одговорност кон училишните обврски и како соработува со другарите.
- ✓ Се следат тешкотиите на кои наидува ученикот и како ги совладува.
- ✓ Се следи напредокот на учениците во споредба со претходниот период на проверување и оценување.
- ✓ Се применуваат стандардите за оценување на постигањата на учениците.
- ✓ Наставниците изготвуваат тестови по тежински нивоа, со прашања прилагодени на способностите на учениците.

**Учење и настава**

- ✓ Изведување на кабинетска настава, кое овозможува рационално користење на сите расположливи средства како од страна на наставниците, така и на учениците.
- ✓ Навремено изготвување на сите видови планирања од страна на наставниците според дадените стандарди.
- ✓ Користење на разновидни адекватни форми и методи на работа со учениците.
- ✓ Учеството и постигања на учениците на натпревари од општинско, регионално и републичко ниво.
- ✓ Опременост на повеќе училници со компјутери за полесна реализација на содржините и примена на ИКТ во наставата.
- ✓ Родителите имаат можност да се информираат за успехот и напредокот на своите деца во секое време.

**Поддршка на учениците**

- ✓ Во нашата средина нема девијантни појави, благодарение на навремените мерки преземени во таа област;
- ✓ Лекарските прегледи, што се спроведуваат секоја година многу придонесуваат за навременото откривање на физичките пречки и недостатоци кај женските и машките деца;
- ✓ По извршените стоматолошки прегледи помалите ученици подлежат на стоматолошки третмани;
- ✓ Соработка со други лица и установи што ни ја олеснува работата при решавањето на проблемите;
- ✓ Информирање за постојните професии и критериуми за упис од страна на педагогот, психологот и презентери од некои средни училишта, за учениците од деветто одделение. Така на децата им се овозможува успешно да ја одберат својата идна професија.
- ✓ Училиштето перманентно води грижа за физичкото и менталното здравје на учениците, без разлика на нивната полова, социјална и образовна структура, како и за посебните образовни потреби на учениците.
- ✓ Редовно се води евиденција за редовноста на учениците, нивното поведение и нивниот развој како личности.

- ✓ Евиденцијата е достапна за сите субјекти подеднакво, за наставниците, родителите и за самите ученици.
- ✓ Во училиштето има едуцирани лица за укажување на прва помош при итни случаи.

**Етос**

- ✓ Училиштето е вклучено во голем број проекти и редовно ги реализира предвидените активности од истите
- ✓ Позитивна клима и добра организациска култура
- ✓ Успешно разрешување на конфликтни ситуации
- ✓ Ефективна комуникација меѓу наставниците и учениците
- ✓ Училиштето подеднакво ги истакнува постигањата на сите ученици
- ✓ Вклученост на родителите во активностите кои се спроведуваат во училиштето
- ✓ Уреденост на училишните простории и училишниот двор

**Ресурси**

- ✓ Максимална искористеност на училишниот простор при реализацијата на воспитно-образовната дејност;
- ✓ Училиштето е доволно опремено со аудио-визуелни и нагледни средства, како и стручна литература кои се потребни за реализација на воспитно - образовната работа во училиштето;
- ✓ Наставата по ФЗО се одвива во спортска сала;
- ✓ Наставниците се консултирани за нивните потреби при набавката на наставни средства и материјали и набавениот потрошен материјал (пенкала, хартија, креди) ги задоволува потребите за работа;
- ✓ Редовно користење на нагледните средства и ИКТ при реализацијата на наставата;
- ✓ Овозможен е континуиран професионален развој на наставниот кадар за извршување на работните задачи;
- ✓ Училишната библиотека е опремена со голем број на книги и стручна литература;
- ✓ Осветлени се спортските терени.

**Раководство, креирање политика**

- ✓ Во училиштето постои политика за давање поддршка на учениците и за унапредување на нивното здравје;
- ✓ За учениците со различни способности и предиспозиции во нашето училиште се спроведуваат повеќе активности преку кои се овозможува нивен оптимален развој;
- ✓ Училиштето ги консултира родителите при донесувањето на важни одлуки кои се од интерс за учениците;
- ✓ Учениците и нивните родители се информирани за се што треба да знаат во врска со нивното образование во училиштето.
- ✓ Во нашето училиште постои  долгорочно планирање.

***<u>Слаби или лоши страни на училиштето:</u>***

- ✓ Недостасува реализација на отворени часови,организирани од наставниците, за меѓусебна размена на искуства.
- ✓ Поголемо вклучување на учениците во метод на самооценување, со цел учениците да стекнат претстава затоа колку знаат и сами да го вреднуваат своето знаење.
- ✓ Поголемо вклучување на учениците во вонаставните активности.
- ✓ Обновување на дел од наставните нагледни средства и збогатување на дидактичките материјали согласно потребите, особено во подрачните училишта.

**Наставни планови и програми**

- ✓ Недостасува реализација на отворени часови,организирани од наставниците, за меѓусебна размена на искуства
- ✓ Сите содржини не можат целосно да бидат прилагодени на предвидените наставни планови и програми.
- ✓ Неможност за целосна реализација на одделени содржини поради нецелосна опременост на некои училници во училиштето со потребните нагледни средства и помагала.
- ✓ Неможност за целосна реализација и опфатеност на учениците во некои вон – наставни активности поради нивна преоптовареност со број на часови од задолжителна настава.
- ✓ Сите родители не се подденакво заинтересирани да се запознаат со наставните планови и програми;
- ✓ Сите родители не се подеднакво заинтересирани за вклучување во активностите во училиштето.

**Постигнувања на учениците**

- ✓ Критериумите за оценување не обезбедуваат сигурност дека зад номинално исти оценки стои и приближно исто знаење по обем и квалитет.

**Учење и настава**

- ✓ Недоволно време на редовните часови за правилно поттикнување и насочување на учениците со послаб успех и намалена концентрација и замор на часовите за дополнителна настава.
- ✓ Неможност да се најде термин за одржување на дополнителни часови од причина што неделниот фонд на часови е преголем.
- ✓ Намален интерес кај учениците за личниот напредок при формативното оценување во текот на годината.
- ✓ Недоволната контрола и вклучување на родителите во ангажираноста на учениците во домашните ученички задолженија и рационалното користење на слободното време.

**Поддршка на учениците**

- ✓ Поголемо вклучување на учениците во метод на самооценување, со цел учениците да стекнат претстава затоа колку знаат и сами да го вреднуваат своето знаење.
- ✓ Поголемо вклучување на учениците во вонаставните активности.

## Ресурси

- ✓ Немање соодветен и доволен број на витрини за нагледни средства;
- ✓ Обновување на дел од наставните нагледни средства и збогатување на дидактичките материјали согласно потребите, особено во подрачните училишта.

## Раководство, креирање политика

- ✓ Сите наставници не се доволно ангажирани во актуелните проекти.
- ✓ Наставниците делумно се информирани за одлуките на Училишниот одбор и директорот.
- ✓ Дел од наставниците делумно се вклучени во креирањето на училишната политика.

## <u>Утврдување на ресурсите на училиштето и окружувањето</u>

***Со што располага училиштето ?***

1. **Ресурси со кои располага училиштето**

***<u>Човечки потенцијали –луѓе</u>***

Вкупниот број на вработени изнесува 62 лице од кои: 45 или 72.58% се жени и 17 или 27.42 % се мажи.
Вработените се со следната квалификациона структура:

| Работно место | ВСС | ВШС | ССС | ОСНОВНО |
|---|---|---|---|---|
| Директор | 1 | | | |
| Педагог | 1 | | | |
| Психолог | 1 | | | |
| Библиотекар | 1 | | | |
| Наставници во одделенска настава | 10 | 8 | | |
| Наставници во п□едметна настава | 20 | 5 | | |
| Секретар | 1 | | | |
| Сметководител | | 1 | | |
| Хигиеничари | | | 5 | 6 |
| Хаусмајстор | | | 1 | |
| Ложач | | | | 1 |
| Вкупно | 35 | 14 | 6 | □ |

**- Со** високо образование **се вкупно 35 или 56,45% од вработените, од кои 31 жени или 50% и 4 мажи или 6, 45%;**
**- Со** више образование **се вкупно 14 или 22,58% од вработените, од кои 7 жени или 11,29% и 7 маж или 11,29% од вкупниот број вработени;**
**- Со** средно образование **се 6 или 9,68% од вработените, од кои 3 жени или 4,84% и 3 мажи или 4,84% од вкупниот број вработени;**
**-** Има и **7** работници **со основно образование или 11,29% од вработените – 4 жени или 6,45% и 3 мажи или 4,84% .**

Наставниците се со соодветна стручна подготовка за предметите кои ги предаваат.

***Работно искуство на вработените***

| Години на стаж | Мажи | | Жени | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр. | % | бр. | % | бр. | % |
| До 1 година | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 1 - 6 години | 1 | 1,61% | 4 | 6,45% | 5 | 8,06% |
| 6-11 години | 2 | 3,23% | 18 | 26,66% | 20 | 32,26% |
| 11-16 години | 2 | 3,23% | 5 | 8,06% | 7 | 11,29% |
| 16-21 години | 2 | 3,23% | 6 | 9,68% | 8 | 12,90% |
| 21-26 години | 2 | 3,23% | 5 | 8,06% | 7 | 11,29% |
| 26-31 години | 2 | 3,23% | 1 | 1,61% | 3 | 4,84% |
| 31-35 години | 2 | 3,23% | 3 | 4,84% | 5 | 8,06% |
| над 35 години | 4 | 6,45% | 3 | 4,84% | 7 | 11,29% |
| Вкупно | 17 | 100% | 45 | 100% | 62 | 100% |

Од податоците се гледа дека:
- Вработените се Македонци и само едно лице е Турчинка.
- Поголем број од вработените се жени.
- Поголем е бројот од вработените со високо образование.
- Во поглед на работното искуство, поголем број има со работно искуство од 6 до 11 години работен стаж.
- На персоналот со помало работно искуство му се помага да се воведе и адаптира во работата од страна на поискусните колеги, педагогот, психологот и директорот.

## ***<u>Просторни услови за работа</u>***

### Преглед на училишните простории

| Р.бр. | Вид | $М^2$ | просек по ученик |
|---|---|---|---|
| 1 | Училишен простор | 3 946 | 11,89 |
| 2 | Училнички простор | 1 281,32 | 3,86 |

### Наставни ученички простории

| Р.бр. | Вид | Број | Вкупна површина во $М^2$ |
|---|---|---|---|
| 1 | Училници-универзални | 7 | 378 |
| 2 | Училници-кабинети | 16 | 855,32 |
| 3 | Сала за физичко образование | 1 | 1 449 |
| | **Вкупно** | **24** | **2682,32** |

### Други простории

| Р.бр. | Вид | Број | Вкупна површина во $М^2$ |
|---|---|---|---|
| 1 | Канцеларии | 4 | 118 |
| 2 | Библиотека | 1 | 16 |
| 3 | Ходници | 8 | 868 |
| 4 | Помошна канцеларија | 3 | 56 |
| 5 | Остава | 1 | 8 |
| 6 | Санитарни простории | 8 | 62 |
| | **Вкупно** | **25** | **1 128** |

**Дворна површина**

| Р.бр. | Вид | Број | Површина во $М^2$ |
|---|---|---|---|
| 1 | Игралишта за ракомет, одбојка, кошарка | 1 | 1 375 |
| 2 | Уреден училишен двор | 1 | 1 800 |
| 3 | Друга дворна површина | 1 | 13 228 |
| 4 | **Вкупно** | **3** | **16 403** |

## Опрема

***Опременост на училиштето***
***со аудио – визуелни и технички средства***

| Ред.број | Вид на средство | Број |
|---|---|---|
| 1. | Разгласна станица | нефункционална |
| 2. | Телефакс | 1 |
| 3. | Микроскоп | 3 |
| 4. | Графоскоп | 2 |
| 5. | Касетоофон | 10 |
| 6. | Музички систем | 1 |
| 7. | ТВ приемник | 2 |
| 8. | ДВД плеер | 1 |
| 9. | Видео-рекордер | 1 |
| 10. | Радио-касетофон | 2 |
| 11. | Фотокопир | 2 |
| 12. | Комјутери по канцеларии | 5 |
| 13. | Скенер | 2 |
| 14. | Печатач | 6 |
| 15. | Фотокопир | 2 |
| 16. | Електронска музичка табла | 1 |
| 17. | LCD проектор | 4 |
| 18. | Пијано | 1 |
| 19. | Лаптопи за администрација | 2 |
| 20. | Компјутери по кабинети | 174 |
| 21. | Лап – топ компјутери за ученици | 144 |
| 22. | Лап–топ компјутери за наставници | 41 |
| 23. | Компјутери во информатички кабинет | 12 |

***Финансиски средства***

Училиштето очекуваме да се финансира од повеќе извори, од кои најважни се МОН, локална самоуправа, фондации, донации, давање на простор под закуп, спонзорства од разни бизнисмени, преку производно - услужна работа во соработка со фирми, преку аплицирање со разни проекти, од издавање на простории под закуп, разни собирни акции (собирање на стара хартија, старо железо ), подготовка на разни манифестации од културно - забавен карактер, организирање на продажни изложби на творби изработени од страна на учениците.

**Ресурси со кои располага поширокото окружување на училиштето**

***<u>Културни установи:</u>*** Дом на култура , Градска библиотека
***<u>Образовни установи:</u>***ЈГДУ ,,7 ми септември,,
***<u>Невладини организации:</u>***Еколошко друштво
***<u>Спортски клубови:</u>*** Фудбалски клуб
***<u>Трговски друштва:</u>*** Банки, мали претпријатија, средни претпријатија ***<u>Медиуми:</u>*** Општинска веб страна

## *ОКОЛИНА НА УЧИЛИШТЕТО*

*Добар наставник е оној кој никогаш не зборува дека знае се, туку оној кој се сомнева во своето знаење, бидејќи сомнежот е првиот чекор во совладувањето на науката. Добар наставник не е оној кој се истакнува себе си, туку оној кој создава ученици што ќе го надминат неговото знаење. Сепак, знаењето без воспитание е нецелосно, бидејќи животот не се учи,туку се искусува.*

Тргнувајќи од овие постулати, кои се присутни од создавањето на просветителската професија, вкоренети во воспитните и образовни методи на познати филозофи и мислители, Општинското основно училиште „Ванчо Китанов“ - Пехчево е расадник на знаење и воспитание за младите жители, кои своите први чекори во науката ги прават токму кај нас. Оваа воспитно-образовна институција ја покрива целата област на Малешевската висорамнина во областа на малото гратче Пехчево, на надморсака височина од 670 -1050м, во источниот дел на Македонија, која е ридско-планинска, неразвиена заради долгогодишната масовна миграција село-град или заради печалбарската традиција, која и денес, за жал е со несмален интензитет. Но и во такви услови училиштето ги образува и воспитува дечињата од шест до петнаесет години.

Во почетокот училиштето работи како црковно, а со тек на времето, со разни преобразби минува низ различни форми на граѓанско училиште, од четиригодишно, седумгодишно до осумгодишно основно училиште. Наставата се изведувала на Бугарски или Српски јазик. Од 1944 година наставата се изведува на Македонски јазик. Новото училиште било подигнато дури во 1927/28 година и во него се одржувала настава се до 1974/75 година, кога била изградена далеку посовремена училишна зграда. Овој податок укажува на тоа дека нашето училиште е образовна институција со големо искуство, традиција и изграден имиџ. Денес во рамките на општинското основно училиште работат и четири подрачни училишта, а едно подрачно училиште е во мирување.

ООУ „Ванчо Китанов“ својата дејност ја извршува во следните места:

- Пехчево – централно училиште од прво до деветто одделение;
- с. Црник – подрачно училиште од прво до деветто одделение;
- с. Панчарево – подрачно училиште со комбинирани паралелки од прво до петто одделение;
- с. Робово – подрачно училиште со комбинирани паралелки од прво до петто одделение;
- с. Умлена - подрачно училиште со комбинирани паралелки од прво до петто одделение;
- с. Чифлик – подрачно училиште од прво до петто одделение – во мирување.

Во сите пет објекти наставата се изведува целосно и ги задоволува потребите за

изведување на настава.  Во училиштето учат вкупно 332 ученика распоредени во 29 паралелки распределени од прво до девето одделение.

## IV ЛИЧНА КАРТА НА УЧИЛИШТЕТО

Име на училиштето:

ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ,,Ванчо Китанов“

Место: Пехчево

Општина: Пехчево

Ниво на образование: Основно

Контакт телефон/ факс : 033/441-126

http://

e-mail: vanco.kitanov@yahoo.com



Училиштето е основано во 1920 година, наставата се изведува на македонски јазик и работи во прва смена. Површината на објектот изнесува 3 946 м$^2$, површината на училишниот двор изнесува 16 403 м$^2$, а бруто површината изнесува 25 755 м$^2$.

Голем е бројот на учениците кои овде го завршиле основното образование и продолжиле да се школуваат на разни степени образование. Некои од нив денес се лекари, инжинери, професори и друго.

Училишната бибилиотека располага со книжен фонд од околу 9 000 книги.

Се настојува да се подобрат условите за работа и да осовремени наставата со сопствена грижа, но и преку аплицирање за разни проекти.

Вонннаставните активности се развиваат преку работата на секциите, преку кои се постигнати солидни резултати.

Училиштето и учениците редовно учествуваат на натпреварите на општинско, регионално и републичко ниво и постигнале видни резултати.

**Основното училиште ,,Ванчо Китанов”** е лоцирано е во центарот на Пехчево. Го посетуваат ученици од Пехчево, Чифлик, Умлена и Робово.

**Работата на училиштето** се одвива во повеќе објекти изградени во различна година. Старата училишна зграда во Пехчево е изградена во 1920 година, кој успешно работи до 1974 година, кога се завршува со изградбата на новата училишна зграда каде што се продолжува со изведување на наставата. Во составот на училиштето има спортска сала со неопходни реквизити и справи за потребите од таа област, а исто така училиштето располага и со спортски игралишта за ракомет, фудбал, кошарка. Зградата во с. Панчарево е изградена 1927-1930 година, во с. Црник е изградена во 1948 година, зградата во с. Умлена е изградена 1948 година, а во с. Робово 1927 година. Зградата во с. Чифлик кое е во мирување е изградена 1999 година.

Околу училиштето има зелена површина, со украсни дрвца, ограда, а во училишиот парк стои бистата на нашиот патрон.

Пред почетокот на учебната година се превземаат сите потребни активности за подобрување на условите за престој и работа во училиштето од хигиено- технички аспект.

Училишниот ентериер е на солидно ниво. Имено, во училишните холови, училници и кабинети се наоѓаат цвеќиња, дипломи и признанија на ученици и наставници, таблоа и сл.

**Мапа на училиштето**




За подобрување на работата на нашето училиште ќе се придржуваме на следните принципи:

1. Одговорност
2. Толеранција
3. Транспарентност
4. Деполитизација
5. Еднаков приод

Во поглед на вредностите Развојниот план предвидува повисоко ниво на училишна клима и култура, притоа негувајќи ги вредностите на: *чесност, правичност, точност, солидарност, хуманост, емпатичност, взаемна почит и доверба, доследност, самокритичност, интерперсонална комуникација.*

Врз основа на предвидените принципи и вредности се заснова и **Мисијата** на нашето училиште.

**<u>Определување на мисијата на училиштето</u>**
***Кое е училиштето и зошто постои?***

## <u>М И С И Ј А</u>

## Создаваме здрава училишна клима за учење на учениците од сите етнички заедници

***<u>М О Т О :</u>* Знаењето е сила, знаењето е моќ!**

***<u>С Л О Г А Н И:</u>***

- **Неуспехот е само можност да почнеш одново, само помудро!**
- **Човек учи додека е жив;**

- **Учителот ви ја отвара вратата, а вие низ неа мора да поминете сами!**
- **Кој учи тој и знае!**
- **Нема поголема сила од знаењето. Човекот вооружен со знаење е непобедлив!**
- **Само одговорните и упорните стигнуваат до целта;**
- **Работиме постојано, се усовршуваме, успехот не е случајност;**
- **Добро се чувствуваме кога квалитетно работиме;**
- **Професионалниот однос кон работата на сите вработени и перманентната грижа за учениците е основна дефиниција за успех;**
- **Ние веруваме во уникатната можност на секое дете;**
- **Мудар е оној кој се подучува од сите;**
- **Многу свеќи можат да се запалат од една, а таа да не го изгуби својот сјај**
- **Ние се грижиме за животната средина – грижата за почиста средина ја чува нашата иднина.**

## ВИЗИЈА

**Сакаме нашето училиште да биде средина во која учениците од разлучни етнички заедници ќе доаѓаат со задоволство затоа што наставата во него ќе биде современа, ефикасна, квалитетна, мултиетнички интегрирана и прилагодена на потребите и интересите на учениците, опкружувањето, наставниците и државата.**

Се надеваме и очекуваме дека откако ќе го реализираме Развојната програма, нашата Визија ќе стане наша Мисија.

## Определување на подрачјата на промени во училиштето

1. **Утврдување на потребите**

***Што му е потребно на училиштето?***

### Наставни планови и програми

- ✓Опремување на училиштето со потребните нагледни средства и помагала за целосно и поквалитетно реализирање на Наставните планови и програми.
- ✓Перманентно осовременување на наставниот процес со цел да се надмине традиционалниот вид настава.
- ✓Подобро запознавање на сите родители со Наставните планови и програми и нивно поголемо вклучување во реализацијата на истите.
- ✓Покренување иницијатива до надлежните структури за разгледување на можноста за намалување на бројот на часови по одделни наставни предмети во Наставните планови и растоварување на учениците (особено во одделенска настава).

### Постигнувања на учениците

- ✓Од сите ученици да се бара активно да се вклучат во процесот на оценување и самооценување со што ќе се обезбеди поголема објективност во оценувањето.
- ✓ Продолжување на процесот на обезбедување и опремување со поголем број нагледни средства и помагала со цел учениците што поуспешно да ги совладаат наставните програми.

- ✓ Вклучување на поголем број ученици во учество на натпревари, проекти во кои е вклучено училиштето и културни настани.

**Учење и настава**

- ✓ Создаваање на попријатен амбиент во кабинетите, ходниците и училниците со одредени технички и материјални средства (подни ламинати, ѕидно сликање на ходниците, ѕиден ламинат на ходниците).
- ✓ Мотивирање на учениците за самоиницијативност во активностите кои ќе придонесат за нивниот целокупен напредок.
- ✓ Подобрување на односот наставник- ученик, подигнување на взаемната почит со цел создавање пријатна и поттикнувачка атмосфера која ќе придонесе за чувство на сигурност и желба за напредок кај учениците.
- ✓ Поттикнување на интересот кај родителите за континуирано следење на училишниот напредок на своите деца (контрола во извршување на домашните задачи, следење на социјализацијата на своите деца и правилно користење на слободното време).

**Поддршка на учениците**

- ✓ Обука на наставниот кадар за работа со деца со посебни потреби или времено ангажирање на дефектолог за дијагностицирање и работа со деца со посебни потреби.
- ✓ Обука на наставниот кадар за работа со надарени деца.

**Етос**

- ✓ Обезбедување на награди за стимулирање на сите ученици за постигање на уште подобри резултати.
- ✓ Дополнителна индивидуална работа со учениците кои ја нарушуваат дисциплината на одредени часови и разговор со нивните родители.
- ✓ Помош на наставници кои имаат потреба од воспоставување на дисциплина на часовите и подобрување односот со учениците.

**Ресурси**

- ✓ Промена на кровот во ПУ во Умлена;
- ✓ Набавка на соодветни и доволен број на шкафови за нагледни средства;
- ✓ Санирање на дотраениот под во училишните простории во некои од подрачните училишта;
- ✓ Реновирање на тоалетите во Пехчево и ПУ во Црник;
- ✓ Варсување на кабинетите во Пехчево;
- ✓ Санирање на застарената електрична инсталација во ПУ с.Умлена;
- ✓ Изградба на дрварник во ПУ с. Панчарево;
- ✓ Изградба на патека од патот до училиштето во ПУ с.Црник;
- ✓ Опремување на библиотеката во Пехчево со нови рафтови;
- ✓ Изградба на летниковец од дрво во училишниот двор;
- ✓ Санирање на калориферите и електричната мрежа во спортската сала;
- ✓ Опремување на некои кабинети со интерактивни табли;
- ✓ Замена во некои од кабинетите на дотраените зелени табли.

**Раководство, креирање политика**

- Креирање на политика за стимулирање на наставниците за поголемо вклучување во актуелните проекти.
- Поголемо информирање на наставниците за одлуките на Училишниот одбор и директорот.
- Поголемо вклучување на наставниците во креирањето на училишната политика.

**<u>Селектирање на приоритети</u>**

**<u>Приоритети на нашето училиште се:</u>**

**1.** Перманентно осовременување на наставниот процес со цел за надминување на традиционалната настава;
**2.** Вклучување на поголем број на ученици во учество на натпревари, проекти во кои е вклучено училиштето и културни настани.
**3.** Подобрување на односот наставник- ученик, подигнување на взаемната почит со цел создавање пријатна и поттикнувачка атмосфера која ќе придонесе за чувство на сигурност и желба за напредок кај учениците.
**4.** Обука на наставниот кадар за работа со деца со посебни потреби и надарени деца.
**5.** Дополнителна индивидуална работа со учениците кои ја нарушуваат дисциплината на одредени часови и во училиштето и разговор со нивните родители.
**6.** Креирање на политика за стимулирање на наставниците за поголемо вклучување во актуелните проекти.

Врз основа на претходно утврдената листа на приоритети, Тимот за развој ги утврди следните развојни цели, кои преку проекти ќе бидат начин со кој конкретните промени ќе се воведат во училиштето и ќе се институционализираат.

| **ЦЕЛ 1: Зголемување на квалитетот на наставата со воведување на современи методи, форми на работа и наставни средства.** | |
|---|---|
| **Отежнувачки фактори, фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори, кои придонесуваат за нивното совладување** |
| -немотивираност на наставниците<br>- некомпетентност на наставниците за примена на современи наставни методи и форми на работа | - овозможување на професионално напредување на наставниците и добивање на звања<br>- зголемување на разновидноста и достапноста на различните видови стручно усовршување<br>- конкурирање кај различни донатори кои обезбедуваат опрема |
| **Фактори на поддршка, фактори кои засилуваат и мотивираат** | **Стратегии со кои се засилуваат овие фактори** |
| -општата клима на општествени промени и вклучување во современите текови<br><br>-потребата на заедницата за квалитетно образование на децата | - запознавање со целите на оштествените промени и со местото на реформите во образованието во тие цели<br>-вклучување на родителите и претставниците на општествената заедница во животот и работата на |

| | |
|---|---|
| -желбата на училиштето за афирмација | училиштето<br>- воведување на систем на евалвација и рангирање на училиштата |

| **ЦЕЛ 2: Подобрување на успехот кај учениците и зголемување на нивната мотивираност за постигнување** | |
|---|---|
| **Отежнувачки фактори, фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Отежнувачки фактори, фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** |
| -недоволна мотивираност на сите ученици за високи постигнувања<br>- немање доволно време за поттикнување на учениците и создавање на повисоки аспирации за успех | -недоволна мотивираност на сите ученици за високи постигнувања<br>- немање доволно време за поттикнување на учениците и создавање на повисоки аспирации за успех |
| **Фактори на поддршка, фактори кои засилуваат и мотивираат** | **Фактори на поддршка, фактори кои засилуваат и мотивираат** |
| - желбата на училиштето за афирмација<br>- потребата на заедницата за квалитетно образование на децата | - желбата на училиштето за афирмација<br>- потребата на заедницата за квалитетно образование на децата |

| **ЦЕЛ 3: Подобрување дисциплината кај учениците и подобрување на односот наставник- ученик** | |
|---|---|
| **Отежнувачки фактори, фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори, кои придонесуваат за нивното совладување** |
| -немотивираност на учениците<br>- немање доволно време за неформални разговори, средби и воспитно делување на наставниците поради обемните наставни програми | -пофалување и наградување на учениците<br>- овозможување на разни видови стручно усовршување на наставниците |
| **Фактори на поддршка, фактори кои засилуваат и мотивираат** | **Стратегии со кои се засилуваат овие фактори** |
| - желбата на училиштето за афирмација<br>- потребата на заедницата за квалитетно образование на децата<br>- потребата за емоционална добросостојба на учениците и наставниците | - вклучување на родителите во животот и работата на училиштето<br>- оценување на работата на училиштето од страна на БРО |

| **ЦЕЛ 4: Зголемување на квалитетот на наставата со обука на наставниците за работа со ученици со посебни потреби и надарени ученици** | |
|---|---|
| **Отежнувачки фактори, фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори, кои придонесуваат за нивното совладување** |

| | |
|---|---|
| -немотивираност на наставниците<br>- некомпетентност на наставниците за работа со ученици со посебни потреби и надарени ученици<br>-недоволна техничка опременост на училиштето | - овозможување на професионално напредување на наставниците и добивање на звања<br>- зголемување на разновидноста и достапноста на различните видови стручно усовршување<br>- конкурирање кај различни донатори кои обезбедуваат опрема |
| **Фактори на поддршка, фактори кои засилуваат и мотивираат** | **Стратегии со кои се засилуваат овие фактори** |
| **3.** Реализација на планираните активности | Наставници | Во текот на учебната 2020/21 година | Зголемени можности за развивање на свест кај учениците за можните последици од насилното однесување<br>Намалено насилно однесување во училиштето |
| **4**. Почитување на Кодексот на однесување на наставници и ученици и Куќниот ред на училиштето | Директор, Психолог, Педагог, Тим за превенција од насилно однесување | Во текот на учебната 2020/21 година | Позитивна клима во училиштето |
| | | **Инструменти, време на евалуација** | |
| | | Евидентни листови од следење, педагошка евиденција (Планирања, Програма за превенција и намалување на насилното однесување, Кодекси, Куќен ред)<br>Крај на прво полугодие и крај на учебната година | |

| **Задача 2: Да се подобри квалитетот на работата на часот на раководителот на паралелката** | | | |
|---|---|---|---|
| ***Активности*** | ***Носители*** | ***Време на реализација*** | ***Критериуми за успех*** |
| **1.**Обезбедување на стручна литература за одделенскиот час | Директор | Во текот на цела учебна 2020/21 година | Зголемено ниво на знаења за одделенскиот час |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2.** Остварување на поголема соработка со родителите од страна на одделенските раководители | Одделенски раководители | Во текот на цела учебна 2020/21 година | Зголемена вклученост на родителите во реализација програмите за одделенскиот час |
| **3.** Реализација на соодветни содржини од воспитно-образовен аспект и програмата ОЖВ | Одделенски раководители, педагог, психолог, родители, директор, ученици | Во текот на целата учебната 2020/21 година | Подобрување на однесувањето во паралелките со нарушена дисциплина |
| **4.** Разгледување на Кодекс на однесување на учениците и вработените | Одделенски раководители, ученици, директор, наставници, педагог, психолог | Секој прв одделенски час во месецот | Подобрување на училишната клима и култура |
| **5.**Реализација на одредени содржини од областа на малолетничка деликвенција | НВО, МВР, Центар за социјални работи, родители, ученици, психолог, педагог | Согласно Програмата за работа на училиштето и Програмата за работа на раководителот на паралелката | Проширување на сознанијата на учениците за можните последици од негативно однесување |

| **Инструменти, време на евалуација** |
|---|
| Анкети, интервјуа.<br>Крај на учебната година. |

| **Задача 3: Да се спроведуваат активности за разрешување конфликти** | | | |
|---|---|---|---|
| ***Активности*** | ***Носители*** | ***Време на реализација*** | ***Критериуми за успех*** |
| 1. Обезбедување на стручна литература за конфликти | Директор | Во текот на цела учебна 2020/21 година | Зголемено ниво на знаења за конфликти |
| 2. Реализирање на активности за разрешување на конфликти | Одделенски раководители, психолог, директор, педагог | Во текот на цела учебна 2020/21 година | Намалено конфликтно однесување меѓу учениците |

| **Инструменти, време на евалуација** |
|---|
| Анкети, интервјуа.<br>Крај на учебната година. |

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 4: Доследно применување на Кодексот на однесување во училиштето**

| **Задача 1: Да се запознаат со содржината на Кодексот на однесување во училиштето сите субјекти во училиштето** | | | |
|---|---|---|---|
| ***Активности*** | ***Носители*** | ***Време на реализација*** | ***Критериуми за успех*** |
| **1**. Разгледување на Кодексот на Наставнички совет и Училишен одбор | Директор, наставници, психолог, педагог, Тим за развој | Во текот на уебната 2020/21 година<br><br>Октомври | Почитување на правилата на однесување<br><br>Создавање на позитивна училишна клима и култура |
| | | | |

| **Инструменти, време на евалуација** |
|---|
| Анкети, интервјуа.<br>Крај на учебната година. |

## ПЛАН ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

Ефективноста на секоја активност би се согледала ако за тоа се врши оценување и самооценување. Целта на евалуација е да добиеме релевантни податоци за тоа како и колку успешно е извршена нашата работа. Добиените резултати и сознанаија имаат повеќекратна намена, кои ќе бидат наш предизвик и мотив за нов развоен циклус на училиштето.

Според предвидените активности следува и планот за евалуација, во кој се содржани критериумите за успех, инструментите со кои ќе се врши евалуација, времето кога ќе се врши истата и носителите на секоја од активностите.

### I. Унапредување на наставата преку професионален развој на наставниците

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1: Осовременување на наставата преку одржување работилници со презентирање на современи техники и методи**

Задача 1: Да се презентираат современи техники и методи во текот на првото полугодие од учебната година.
Задача 2: Да се имплементираат усвоените техники и методи во наставата во текот на учебната година.
Задача 3: Обучените наставници да реализираат нагледни часови со примена на активни методи и техники на работа

| *КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ* | *ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА* | *ДИНАМИКА* | *НОСИТЕЛИ* | *ИНДИКАТОР* |
|---|---|---|---|---|
| 1. Зголемен интерес и ангажираност на наставниците за нови и креативни техники;<br>Зголемен интерес и ангажираност на наставниците за избор на наставни содржини;<br>Подобрување на квалитетот на наставата | Анкети, прашалници и интервјуа. | На почетокот на учебната 2017/18 година | Директор, педагог, психолог, наставници | Евиденција од разговори со наставници;<br>Анализа на евиденцијата;<br>Заклучоци од разговорите и од посетените часови. |
| 2. Зголемен интерес и ангажираност на наставниците;<br>Зголемена креативност и квалитет;<br>Зголемен интерес и активност кај учениците за време на часовите и подобрување на успехот за 20 %. | Анкети, прашалници и интервјуа. | Во текот на учебната 2017/18 година | Директор, педагог, психолог, наставници | Евиденција од разговори со наставници;<br>Анализа на евиденцијата;<br>Заклучоци од разговорите и од посетените часови. |
| 3. Зголемен интерес за обука кај наставниците;<br>Евидентирање редовна посета на часовите за обука;<br>Наставниците успешно ја завршуваат обуката. | Анкети, прашалници и интервјуа. | Во текот првото полугодие од учебната 2017/18 година | Директор, педагог, психолог, наставници | Евиденција од разговори со наставници;<br>Анализа на евиденцијата;<br>Заклучоци од разговорите и од посетените часови. |

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 2: Унапредување на наставата преку осовременување со воведување на современи наставни средства.**

Задача 1: Да се обучат наставниците за изведување на настава преку активни методи со примена на современи нагледни средства

| *КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ* | *ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА* | *ДИНАМИКА* | *НОСИТЕЛИ* | *ИНДИКАТОР* |
|---|---|---|---|---|
| **1.** Зголемен интерес и ангажираност на наставниците;<br>Евидентирање редовна посета на часовите за обука;<br>Наставниците добиваат | Анкети, прашалници и интервјуа | Прво полугодие од учебната 2017/18 година | Директор, педагог, психолог, наставници | Евиденција од анкетите со наставници;<br>Анализа на евиденцијата; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| сертификат на крајот на обуката. | | | | |

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 3: Подобрување на условите за работа во кабинетите.**

Задача 1: Да се зголеми на бројот на современи нагледни средства
Задача 2: Да се подоби естетскиот изглед на кабинетите

| ***КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ*** | ***ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА*** | ***ДИНАМИКА*** | ***НОСИТЕЛИ*** | ***ИНДИКАТОР*** |
|---|---|---|---|---|
| 1. Зголемен интерес за обука кај наставниците Евидентирање редовна посета на часовите за обука; Наставниците добиваат сертификат на крајот на обуката. | Анкети, прашалници и интервјуа. | Крај на првото полугодие од учебната 2017/18 година | Директор, педагог, психолог, наставници | Евиденција од разговори со наставници; Анализа на евиденцијата; |
| 2. Зголемен интерес и мотивација на наставниците и учениците; Зголемено задоволство за претстој во училиштето | Прашалници | Во текот на учебната 2017/18 година | Директор, технички персонал, наставници ученици | |

## II. Подобрување на квалитетот во оценувањето на постигањата и подобрување на успехот на учениците

### РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1: Примена на стандардите за оценување на постигањата на учениците и почитување на етички кодекс на оценување

Задача 1: Да се подобри континуитетот во оценувањето на постигањата на
Задача 2: Да се почитува Кодексот на оценување за ученици, наставици и родители, учениците

| ***КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ*** | ***ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА*** | ***ДИНАМИКА*** | ***НОСИТЕЛИ*** | ***ИНДИКАТОР*** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Подготвеност на наставниците за примена на оценувањето ; Усогласени критериуми за оценување; Поголема мотивираност на учениците за постигнување на поголем успех; Добивање јасна слика за напредувањето на учениците и развивањето на нивните способности, и постигнатоста на наставните цели; Почитување на критериумите за оценување и поголема објективност во оценувањето. | Евидентни листови за следење на планирањата на наставниците и инструментите за оценување | Крај на првото полугодие и крај на учебната 2017/18 година | Директор, педагог, психолог, наставници | Обработени евидентни листови, |
| 2. Подигање на свеста за одговорноста на учениците во оценувањето; Подобрување на однесувањето на учениците, наставниците и родителите во процесот на оценување; Вклучување на учениците во оценувањето – самооценување; Подобрување на етичноста во оценувањето. | Прашалници, записници | Крај на учебната 2017/18 година | Директор, педагог, психолог, наставници, ученици | Обработени прашалници и заклучоци |

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 2: Едукација на новите наставници за унапредување на оценувањето на учениците**

Задача 1: Да се обучат новите наставници за примена на стандардите за оценување на постигањата на учениците
Задача 2: Да се води сметка за континуирано и навремено оценување, а не кампањско

| ***КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ*** | ***ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА*** | ***ДИНАМИКА*** | ***НОСИТЕЛИ*** | ***ИНДИКАТОР*** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Подготвеност за реализација на обуката; Поголема запознаеност на наставниците со стандардите за оценување; Почитување на критериумите за оценување | Евидентни листови за следење на изготвените инструменти за оценување со акцент на тестовите Анкети, прашалници, интервјуа и др. | Крај на првото полугодие и крај на учебната 2017/18 година | Директор, педагог, психолог, наставници | Обработени евидентни листови, анкети и прашалници |
| 2.Поголема мотивираност на учениците; Добивање јасна слика за напредувањето на учениците и развивање на нивните способности. | Анкети, прашалници, интервјуа | Крај на првото полугодие и крај на учебната 2017/18 година | Директор, педагог, психолог, наставници | Обработени анкети и прашалници |

**ЦЕЛ 3: Зголемување на степенот на мотивираност и одговорност кај учениците за сопствениот напредок**

Задача 1: Да се зајакне работата и улогата на Училишната заедница

| ***КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ*** | ***ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА*** | ***ДИНАМИКА*** | ***НОСИТЕЛИ*** | ***ИНДИКАТОР*** |
|---|---|---|---|---|
| 1. Зголемена мотивираност на учениците за постигнување на повисоки резултати; Зголемен степен на интерес и задоволство кај учениците; Поголема мотивираност на учениците. | Разговори | Второ полугодие од учебната 2017/18 | Директор, педагог, психолог, наставници, ученици | Заклучоци од разговорите |

## Учебна 2018/2019 година

### I.Подигање на квалитетот на наставата преку перманентен професионален развој на наставниците

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1 : Подигање на степенот на квалитет на настава низ соработка, размена и следење на новитетите во образованието**

Задача 1: Да се применуваат нови и креативни техники во процесот на наставата
Задача 2: Наставниците да разменуваат искуства и идеи за унапредување на личниот професионален развој

| *КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ* | *ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА* | *ДИНАМИКА* | *НОСИТЕЛИ* | *ИНДИКАТОР* |
|---|---|---|---|---|
| **1.** Зголемен интерес и ангажираност на наставниците; Зголемена креативност и квалитет на работата на наставниците; Зголемен интерес и активност кај учениците за време на часовите и подобрување на успехот за 20 %; Увид во примената на разни техники за учење. | Тестови, анкети, интервјуа, посети на час. | Во текот на учебната 2018/19 | Директор, педагог, психолог, наставници, ученици | Анализа на анкети, интервјуа, извештаи од посети на час. |
| **2.** Зголемена дискусија и ангажман на наставниците за решавање на тековните предизвици во наставата; Зголемена соработка и размена на идеи и искуства меѓу наставниците; Зголемена соработка и размена на идеи и искуства меѓу наставниците. | Тестови, анкети, интервјуа, посети на час. | Во текот на учебната 2018/2019 година | Директор, педагог, психолог, наставници, ученици | Анализа на анкети, интервјуа, извештаи од посети на час. |

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 2 : Подигање на степенот на квалитет на настава низ следење на иновациите во образованието**

Задача 1: Да се следат иновациите од областа на образованието

| *КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ* | *ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА* | *ДИНАМИКА* | *НОСИТЕЛИ* | *ИНДИКАТОР* |
|---|---|---|---|---|
| 1. Зголемен интерес за следење на наставата; Поттикнување и развивање на истражувачки дух кај учениците. | Анкети, прашалници и интервјуа. | Во текот на учебната 2018/19 година | Директор, педагог, психолог, наставници, ученици | Анализа на анкети, интервјуа, извештаи од посети на час. |

## II. Унапредување на соработката на училиштето со родителите, учениците и локалната самоуправа

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1: Зајакнување на соработката меѓу училиштето и семејството**

Задача 1: Да се запознаваат родителите со нивните права и обврски и со измените во Законот за основно образование

Задача 2: Да се запознаат родителите со можностите за вклучување во активностите од проектите во кои е вклучено на училиштето

| ***КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ*** | ***ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА*** | ***ДИНАМИКА*** | ***НОСИТЕЛИ*** | ***ИНДИКАТОР*** |
|---|---|---|---|---|
| 1. Взаемна почит и доверба меѓу училиштето и семејството; Подобрување на знаењата на родителите со начините на воспитување на своите деца. | Анкети, прашалници и интервјуа. | Во текот на учебната 2018/19 година | Директор, педагог, психолог, наставници, ученици | Анализа на анкети, интервјуа, извештаи од посети на час. |
| 2. Учество на поголем број од родителите во одредени активности од проектите во училиштето | Анкети, прашалници и интервјуа. | Во текот на учебната 2018/19 година | Одделенски раководители , педагог, психолог | Анализа на анкети, интервјуа, извештаи од посети на час. |

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 2: Едукација на родителите за успешно вклучување во воспитно - образовниот процес**

Задача 1: Да се спроведат обуки на родителите за успешна соработка со училиштето

Задача 2: Да се одржуваат редовни консултативни и советодавни средби меѓу училиштето и родителите

| ***КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ*** | ***ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА*** | ***ДИНАМИКА*** | ***НОСИТЕЛИ*** | ***ИНДИКАТОР*** |
|---|---|---|---|---|
| 1. Подготвеност за реализација на обуката; Поголема запознаеност на родителите со работата на училиштето; Учество на родителите во одредени активности во училиштето. | Анкети, прашалници и интервјуа. | Во текот на учебната 2018/19 година | Директор, наставници | Анализа на анкети, интервјуа, извештаи од посети на час. |
| 2. Успешно справување на родителот со развојните потреби на детето; Поголема запознаеност на родителите со работата на училиштето, активностите и напредокот на своето | Анкети, прашалници и интервјуа. | Во текот на учебната 2018/19 година | Директор, наставници | Анализа на анкети, интервјуа, извештаи од посети на час. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| дете. | | | | |

**II. Зајакнување на соработката на училиштето со други воспитно- образовни установи и институции**

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1: Соработка со други институции во функција на збогатување на знаењата на учениците**

| *КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ* | *ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА* | *ДИНАМИКА* | *НОСИТЕЛИ* | *ИНДИКАТОР* |
|---|---|---|---|---|
| 1. Збогатување на знаењата и искуствата на учениците, дружење со другарчиња од другите училишта; Запознавање на учениците со работата на Домот на културата во Пехчево и учество на разни литературни конкурси распишани од Градската библиотека „Кочо Рацин“ - Пехчево; Унапредување и грижа за здравјето на учениците и едукација на учениците за превенција и заштита од разни болести; Запознавање на учениците со работата на Едукативниот центар во с. Негрево. | Анкети, прашалници и интервјуа, извештаи | Во текот на учебната 2018/19 година | Директор, психолог, наставници, ученици | Анализа на анкети, интервјуа, извештаи од посети на институциите и извештаи од соработката. |

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 2: Обезбедување поддршка од локалната самоуправа за разрешување на поставените проблеми**

Задача 1: Да се остварува соработка со локалната самоуправа

| *КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ* | *ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА* | *ДИНАМИКА* | *НОСИТЕЛИ* | *ИНДИКАТОР* |
|---|---|---|---|---|
| 1. Учество на претставници од локалната самоуправа во активностите;<br>Намален број на проблеми;<br>Евидентирање присуство на презентацијата. | Анкети, прашалници | Крај на учебната 2018/19 година | Одделенски раководители,<br>ученици, претставници од локалната | Анализа на анкетите со заклучоци |

## Учебна 2019/2020 година

### I. Унапредување на наставата преку подобрување на знаењата и вештините на наставниците

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1: Подобрување на квалитетот на наставата со воведување на современи методи, форми на работа и наставни средства**

Задача 1: Да се обучат наставници за примена на методите на активно учење во одделенска настава
Задача 2: Обучените наставници да реализираат часови во текот

| ***КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ*** | ***ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА*** | ***ДИНАМИКА*** | ***НОСИТЕЛИ*** | ***ИНДИКАТОР*** |
|---|---|---|---|---|
| 1. Увид во понудите и можностите за професионален развој на наставниците; Запознавање на наставниците со придобивките од користење на современи наставни методи и средства; Зголемен успех на учениците. | Анкети, прашалници и интервјуа. | Крај на учебната 2019/20 година | Одделенски раководители ученици, наставници | Анализа на анкетите, прашалниците и интервјуата со заклучоци. |
| 2. Подобрен успех кај учениците. | Наставни ливчиња, тестови на знење. | Крај на учебната 2019/20 година | Одделенски раководители , ученици, наставници | Анализа на наставни ливчиња, тестови на знење. |

### II. Унапредување на работата на наставниот кадар со децата со посебни потреби и надарените деца

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1: Едукативна поддршка на наставниците за работа со деца со посебни потреби**

Задача 1. Да се спроведат обуки и семинари за наставниците за работа со деца со посебни потреби.

| ***КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ*** | ***ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА*** | ***ДИНАМИКА*** | ***НОСИТЕЛИ*** | ***ИНДИКАТОР*** |
|---|---|---|---|---|
| 1. Спремност на наставниците да работат со ученици со посебни потреби; Евидентирање и увид во можностите и постигнувањата на учениците; Запознаеност на наставниците со | Анкети, прашалници и интервјуа. | Крај на учебната 2019/20 година | Одделенски раководители ученици, наставници | Анализа на анкетите, прашалниците и интервјуата со заклучоци. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| предизвиците со кои се соочуваат во работата со ученици со посебни потреби. | | | | |

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 2: Подобрување на знаењата и вештините на наставниците за идентификација на надарени ученици**

Задача 1. Да се идентификуваат потребите на наставниците за работа со надарени деца
Задача 2. Да се детектираат и задоволуваат индивидуалните потреби на учениците

| *КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ* | *ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА* | *ДИНАМИКА* | *НОСИТЕЛИ* | *ИНДИКАТОР* |
|---|---|---|---|---|
| 1. Увид во потребите на наставниците за обука за работата со надарени ученици; Зголемување на стручната подготвеност на наставниците за работата со надарени ученици; Разменување на искуства за примена на нови методи и техники во наставата во работата со надарени ученици. | Анкети, прашалници и интервјуа. | Крај на учебната 2019/20 година | Одделенски раководители, ученици, наставници | Анализа на анкетите, прашалниците и интервјуата со заклучоци. |
| 2. Зголемување на интересот и мотивираноста кај учениците кај учениците; Зголемување на постигнувањата на учениците; Задоволеност на индивидуалните потреби на учениците и додатно надоградување на учениците; Мотивирање на учениците за поголема работа и за учество за натпревари. | Анкети, прашалници и интервјуа. | Во текот на учебната 2019/20 година | Одделенски раководители, ученици, наставници | Анализа на анкетите, прашалниците и интервјуата со заклучоци. |

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 3: Соработка со родителите на учениците со посебни потреби и надарените ученици**

Задача 1. Да се врши советодавна и консултативна работа со родителите на учениците со посебни потреби и надарените ученици

| *КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ* | *ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА* | *ДИНАМИКА* | *НОСИТЕЛИ* | *ИНДИКАТОР* |
|---|---|---|---|---|
| 1. Стимулираност на развојот и мотивираноста на надарените ученици и во домот; Зголемување на постигнувањата на учениците посебни потреби и надарените ученици; Вклученост на родителите во активностите во училиштето и насочување на родителите за поддршка и работа со учениците. | Анкети, прашалници и интервјуа. | Во текот на учебната 2019/20 година | Одделенски раководители, ученици, наставници, родители | Анализа на анкетите, прашалниците и интервјуата со заклучоци. |

### III. Унапредување на соработката со локалната средина во однос на работата со децата со посебни потреби и надарените деца

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1:Поголемо вклучување на локалната средина во активностите за инклузија на децата со посебни потреби**

Задача 1. Да се изградат форми на соработка со локалната заедница при работа со деца со посебни образовни потреби.

| *КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ* | *ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА* | *ДИНАМИКА* | *НОСИТЕЛИ* | *ИНДИКАТОР* |
|---|---|---|---|---|
| 1. Увид во потребите и предизвиците со кои се соочуваат децата со посебни потреби; Изнаоѓање начини на инклузија на децата со посебни потреби во општеството; Унапредување на можностите за развој на децата со посебни потреби. | Анкети, прашалници и интервјуа. | Во текот на учебната 2019/20 година | Одделенски раководители, ученици, наставници, претставници на локалната средина | Анализа на анкетите, прашалниците и интервјуата со заклучоци. |

### IV. Унапредување на развојот на децата со посебни потреби и надарените деца

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1: Подобрување на интелектуалните можности и емоционалнатаи социјалната состојба на децата со посебни потреби**

Задача 1. Да се анализира, следи и унапредува соционалниот, емоционалниот и интелектуалниотразвој на децата со посебни потреби

| *КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ* | *ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА* | *ДИНАМИКА* | *НОСИТЕЛИ* | *ИНДИКАТОР* |
|---|---|---|---|---|
| 1. Увид во можностите и способностите на децата со посебни потреби; Унапредување на можностите за развој на децата со посебни потреби. | Анкети, прашалници и интервјуа. | Во текот на учебната 2019/20 година | Одделенски раководители, ученици, наставници | Анализа на анкетите, прашалниците и интервјуата со заклучоци. |

## Учебна 2020/2021година

### I. Обезбедување на квалитетна настава и воннаставни активности со имплементација на ИКТ во наставата

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1: Поголема примена на компјутерската технологија во наставата**

Задача 1. Да се организираат нагледни часови од страна на наставници со примена на компјутерска технологија и интерактивна табла
Задача 2. Да се организираат работилници со наставници за изработка и поголема примена на дигитални содржини во наставата

| *КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ* | *ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА* | *ДИНАМИКА* | *НОСИТЕЛИ* | *ИНДИКАТОР* |
|---|---|---|---|---|
| 1. Зголемен интерес за примена на ИКТ во наставата кај наставниците; Мотивираност на сите наставници за примена на ИКТ во наставата; Зголемен број на часови со примена на ИКТ во наставата. | Анкети, прашалници и интервјуа. | Во текот на учебната 2020/21 година | Одделенски раководители, ученици, наставници | Анализа на анкетите, прашалниците и интервјуата со заклучоци. |
| 2. Зголемен интерес за примена на дигитални содржини во наставата кај наставниците; Можност за поефикасна и поинтересна организација на часот; Зголемен број на часови со примена на дигитални содржини во наставата. | Анкети, прашалници и интервјуа. | Во текот на учебната 2020/21 година | Одделенски раководители, ученици, наставници | Анализа на анкетите, прашалниците и интервјуата со заклучоци. |

### II. Подобрување на редовноста и дисциплината на учениците за време на часовите, одморите и училишната кујна

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1: Намалување на бројот на изостаноци и зголемување на редовноста во наставата**

Задача 1. Да се мотивираат учениците и да се зголемува нивниот интерес за наставата и следствено да се зголеми редовноста во наставата
Задача 2. Да се анализира, следи и унапредува редовноста на учениците

| *КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ* | *ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА* | *ДИНАМИКА* | *НОСИТЕЛИ* | *ИНДИКАТОР* |
|---|---|---|---|---|
| 1. Зголемена редовност во наставата и помал број на изостаноци; | Анкети, анализа на тримесечје, полугодие и крај на учебна година | Во текот на учебната 2020/21 година | Одделенски раководители, ученици, наставници | Анализа на анкети, извештај од тримесечје, полугодие и крај на учебна година |
| 2. Увид во тенденцијата на раст или опаѓање на изостаноците од година во година; Поголема вклученост на родителите во активностите за подобрување на редовноста на учениците во наставата; Подобрување на редовноста во училиштето. | Анкети, анализа на тримесечје, полугодие и крај на учебна година . | Во текот на учебната 2020/21 година | Одделенски раководители, ученици, наставници | Анализа на анкети, извештај од тримесечје, полугодие и крај на учебна година |

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 2: Подобрување на успехот и дисциплината кај учениците во споредба со минатата учебна година**

Задача 1: Да се спроведуваат активности за подобрување на дисциплината и редовноста на учениците преку Училишната заедница
Задача 2: Да се зајакне соработката меѓу училиштето и семејството во однос на дисциплината и успехот на учениците

| *КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ* | *ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА* | *ДИНА-МИКА* | *НОСИТЕЛИ* | *ИНДИКАТОР* |
|---|---|---|---|---|
| 1. Зголемена вклученост на учениците во создавањето на ред во училиштето; Подобрена дисциплина и намалено неоправдано отсуствување на учениците; Мотивираност | Анкети, прашалници, анализа на успехот и поведението | Крај на учебната 2020/21 година | Директор, одделенски раководители, педагог | Обработени прашалници и заклучоци, Заклучок од анализа на успехот и поведението |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| на учениците за одржување на редовноста и дисциплината. | | | | |
| 2. Подобрен успехот на учениците на крајот на учебната година за 10 % | Анкети, прашалници, извештај од тримесечје, полугодие и крај на учебна година | Крај на учебната 2020/21 година | Наставници, ученици, директорот, психолог, педагог, БРО | Обработени прашалници и заклучоци, извештај од тримесечје, полугодие и крај на учебна година |

## III. Промоција и прифаќање на позитивни вредности во училиштето и унапредување и одржување на позитивна клима во училиштето

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 1: Подобрување на можностите за стекнување на позитивни вредности кај учениците**

Задача 1. Да се подобри реализацијата на Програмата за образование за животни вештини

| *КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ* | *ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА* | *ДИНАМИКА* | *НОСИТЕЛИ* | *ИНДИКАТОР* |
|---|---|---|---|---|
| **1.** Изготвени планирања од страна на наставниците;<br>Поголема информираност на учениците со цел стекнување на позитивни вредности;<br>Подготовки на наставниците за реализација на часови и евидентни листови од следење на часови. | Евидентни листови од следење и педагошка евиденција | Крај на првото полугодие и крај на учебната 2020/21 година | Педагог, психолог, наставници | Анализа на педагошка евиденција |

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 2: Подигнување на еколошката свест кај учениците, вработените и локалната заедница**

Задача 1. Да се реализира Програмата за Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем

| *КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ* | *ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА* | *ДИНА-МИКА* | *НОСИТЕЛИ* | *ИНДИКАТОР* |
|---|---|---|---|---|
| **1.** Подигање на свеста за заштита на животната средина преку добивање на теоретски знаења за примена во секојдневниот живот; Подготвеност на наставниците за имплементирање на еколошки содржини во редовната настава; Развиена еколошка свест и подобрен изглед на околината во која живееме и учиме; Зголемени можности за развивање на еколошката свест кај учениците. | Евидентни листови од следење, педагошка евиденција (Планирања, План на активности, Еко – кодекс) | Крај на првото полугодие и крај на учебната 2020/21 година | Педагог, психолог, наставници | Анализа на педагошка евиденција |

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 3: Превенција и намалување на насилното однесување во училиштето**

Задача 1. - Да се реализира Програмата за превенција и намалување на насилно однесување во училиштето
Задача 2: Да се подобри квалитетот на работата на часот на раководителот на паралелката
Задача 3: Да се спроведуваат активности за разрешување конфликти

| *КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ* | *ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА* | *ДИНАМИКА* | *НОСИТЕЛИ* | *ИНДИКАТОР* |
|---|---|---|---|---|
| 1.Подигање на свеста кај сите субјекти во училиштето за потребата од ненасилно однесување; Подготвеност на наставниците за реализација на активности за превенција и намалување на насилството во училиштето; Зголемени можности за развивање на свест кај учениците за можните последици од насилното однесување; Намалено насилно | Евидентни листови од следење, педагошка евиденција (Планирања, Програма за превенција и намалување на насилното однесување, Кодекси, Куќен ред) | Крај на првото полугодие и крај на учебната 2020/21 година | Психолог, педагог, наставници | Анализа на педагошка евиденција |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| однесување во училиштето;<br>Позитивна клима во училиштето. | | | | |
| 2.Зголемено ниво на знаења за одделенскиот час;<br>Зголемена вклученост на родителите во реализација програмите за одделенскиот час;<br>Подобрување на однесувањето во паралелките со нарушена дисциплина;<br>Подобрување на училишната клима и култура;<br>Зголемување на мотивираноста на учениците за постигнуивање на повисоки резултати;<br>Вклучување на учениците во самооценувањето;<br>Проширување на сознанијата на учениците за можните последици од негативно однесување. | Анкети, Интервјуа, извештаи | Крај на првото полугодие и крај на учебната 2020/21 година | Психолог, педагог, наставници, родители | Анализа на анкетите и интервјуата со заклучоци, Извештаи од спроведените активности |
| 3. Зголемено ниво на знаења за конфликти;<br>Намалено конфликтно однесување меѓу учениците | Анкети, интервјуа | Крај на првото полугодие и крај на учебната 2020/21 година | Психолог, педагог, наставници, родители | Анализа на анкетите и интервјуата со заклучоци, Извештаи од спроведените активности |

**РАЗВОЈНА ЦЕЛ 4: Доследно применување на Кодексот на однесување во училиштето**

Задача 1: Да се запознаат со содржината на Кодексот на однесување во училиштето сите субјекти во училиштето

| *КРИТЕРИУМИ ЗА УСПЕХ* | *ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛУАЦИЈА* | *ДИНАМИКА* | *НОСИТЕЛИ* | *ИНДИКАТОР* |
|---|---|---|---|---|
| 1. Почитување на правилата на однесување;<br>Создавање на позитивна училишна клима и | Анкети, интервјуа | Крај на учебната 2020/21 година | Директор, наставници, педагог, психолог, Ученици | Анализа на анкетите и интервјуата со заклучоци |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| култура. | | | | |

Инструментите за реализација на подрачјето „евалуација" ќе се изготвуваат според предвидената динамика од Програмата за развој на училиштето.

Се надеваме дека Програмата за развој на нашето училиште ги исполнува очекувањата за нејзиното изготвување, иако сме свесни дека можеби има и одредени пропусти и слабости. Тие ќе ни бидат индикатори за поуспешно изготвување на наредната Програма за развој, во кој дел од предвидените цели задачи активности ќе бидат минато, а другите предизвик за новата Програмата за развој.

ООУ ,,Ванчо Китанов" Пехчево

Училипшен одбор
Претседател
___________________
/ Виолета Ѓорѓиевска/

Директор
_____________________
/ Добрила Јовевска /

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за давање согласност на Статут на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за давање согласност на Статут на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на десеттата седница одржана на ден 23.07.2018 година.

Бр. 09-945/5
23.07.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.07.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Статут на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево (пречистен текст)**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево дава согласност на Статутот на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево (пречистен текст) бр. 01-314/1 од 09.07.2018 година.

**Член 2**

Статутот на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево (пречистен текст) бр. 01-314/1 од 09.07.2018 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-935/1
23.07.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

# С Т А Т У Т
# НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "КОМУНАЛЕЦ" - ПЕХЧЕВО
# (ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

Врз основа на член 19 став 2, точка 1 и член 29 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ бр. 38/96, 6/2002, 40/2003, 49/2006, 22/2007, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014) и член 22 став 4 од Законот за трговските друштва (Службен весник на РМ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016), Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" - Пехчево на 3 - тата седница одржана на ден 09.07.2018 година го утврди Пречистениот текст на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево.

Пречистениот текст на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево ги опфаќа: Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево бр. 01 - 484/1 од 19.12.2012 година, Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево бр. 01 - 105/1 од 03.02.2015 година, Одлуката за изменување на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево бр. 01 - 594/1 од 08.10.2015 година, Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево бр. 01 - 786/1 од 29.12.2015 година, Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево бр. 02 - 320/1 од 12.05.2016 година и Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево бр. 01 - 227/3 од 04.05.2018 година.

# С Т А Т У Т
# на Јавното комунално претпријатие
# "Комуналец" - Пехчево
# (Пречистен текст)

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут поблиску се уредуваат организацијата, управувањето и раководењето со претпријатието, дејноста, општите акти и постапката за нивно донесување, информирањето, планирањето, заштитата и унапредувањето на животната средина како и други прашања од значење за комуналното претпријатие.

Член 2

Јавното комунално претпријатие "Комуналец" - Пехчево (во понатамошниот текст ЈКП ) се основа заради вршење на стопанска дејност од комунална област од јавен интерес, а која е незаменлив услов за животот и работата на граѓаните на територијата на општина Пехчево.

ЈКП има својство на правно лице со своја жиро - сметка, а за преземените обврски во правниот промет одговара со целокупниот свој имот со целосна одговорност.

## II. ОСНОВАЊЕ

Член 3

ЈКП е основано со Акт за основање од Советот на општина Пехчево со Одлука бр. 0801 - 80 од 26.05.1997 година.

## III. ФИРМА, СЕДИШТЕ, ПЕЧАТ, ШТЕМБИЛ И ДЕЈНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

### ФИРМА

Член 4

Полното име на претпријатието гласи: **ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ "КОМУНАЛЕЦ" - Пехчево,** а скратеното име гласи: **ЈКП "Комуналец" - Пехчево.**

### СЕДИШТЕ

Член 5

Седиштето на ЈКП "Комуналец" - Пехчево се наоѓа на ул. "Јулија Веселинска" бр. 40 во Пехчево.

### ПЕЧАТ, ШТЕМБИЛ, АМБЛЕМ

Член 6

ЈКП "Комуналец" - Пехчево има свој печат и штембил.

Печатот има форма на круг со пречник од 3 см со текст испишан со печатни букви. Во првиот ред на кругот е испишано Јавно комунално претпријатие - Пехчево, во вториот ред Општина Пехчево а во средината називот на претпријатието "КОМУНАЛЕЦ" п.о.

Член 7

Штембилот е во правоаголна форма со должина од 5 см, ширина од 2 см со натпис - Општина Пехчево - Јавно комунално претпријатие "Комуналец" - бр. ________ со место за дата и седиштето - Пехчево.

Амблемот на Претпријатието го донесува Управниот одбор и е составен дел на Статутот.

Член 8

Со печатот и штембилот располага и го употребува лице овластено од директорот на претпријатието.

### ДЕЈНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 9

ЈКП "Комуналец" - Пехчево во рамките на својот делокруг на работење ги врши следните дејности:

36 Собирање, обработка и снабдување со вода

36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода

Го утврдува и организира снабдувањето со вода за пиење под што се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода до мерниот инструмент на корисникот. Обработка и испорака на технолошка вода, под што се подразбира зафаќање, обработка и дистрибуција на вода до мерниот инструмент на корисникот.

37 Остранување на отпадни води

37.00 Отстранување на отпадни води

- одведување и пречистување на отпадни води под што се подразбира прифаќање на отпадни води од куќниот приклучок на дворната канализациона мрежа, одведување со уличната канализациона мрежа, пречистување и испуштање во реципиент. Одведување и испуштање на атмосферски води под што се подразбира прифаќање на атмосферски води од урбани површини, одведување со канализациона мрежа и испуштање во реципиент.

38 Дејности за собирање, обработка и отстранување на отпад

38.11 Собирање на безопасен отпад

- Селектирање , собирање, транспортирање на комунален цврст отпад од населението и индустријата на уредни депонии и депонирање на индустриски отпад.

38.12 Собирање на опасен отпад

- Собирање и депонирање на индустриски отпад и штетни материи, под што се подразбира собирање, транспортирање и депонирање на отпадот на уредни депонии, како и одржување на депониите.

38.21 Обработка и отстранување на безопасен отпад

38.22 Обработка и отстранување на опасен отпад

42 Нискоградба

42.91 Изградба на хидроградежни објекти

43 Специјализирани градежни дејности

43.11 Уривање

43.12 Подготвителни работи на градилиште (земјени работи)

43.21 Електроинсталатерски работи

43.22 Поставување на инсталации за водовод, канализација

43.29 Други градежно - инсталатерски работи

43.99 Останати градежни работи неспомнати на друго место -

- Издавање на опрема и машини за изградба или уривање со оператор

49 Копнен транспорт и цевоводен транспорт

49.41 Товарен патен транспорт

52.29 Останати придружни дејности во превозот

- одржување на улична сообраќајна сигнализација и други инфраструктурни објекти од локално значење и нивно редовно одржување;

- одржување и користење на јавниот простор за паркирање и утврдување на начинот на негово користење

81 Услуги поврзани со одржување на згради и дејности на уредување и одржување на животната средина и природата

81.22 Останати дејности на чистење на згради и објекти

- Одржување на јавна чистота во градски и други населби, чистење (миење и метење) на јавни и сообраќајни површини, одржување на пешачки патеки, детски игралишта, отворени одводни канали, кејови како и чистење на снегот во зимски услови

81.30 Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина

- Управување и одржување на гробишта;

- Одржување на јавно осветлување во исправна состојба и улично осветлување во општината;

- Уредување и одржување на паркови, парк - шуми, зеленило и рекреативни површини;

- Одржување и користење на пазари;

- Одржување во функционална состојба на градски часовници, чешми, фонтани и други комунални уреди и опрема;
- Ерадикација на животни скитници;
- Оџачарски услуги;
- Отстранување и чување на непрописно паркирани возила;
- Украсување на населени места;
- Одржување јавни санитарни јазли.

**Претежна дејност на претпријатието е:**
**36 Собирање, обработка и снабдување со вода**
**36.00 Собирање, обработка и снабдивање со вода**

Член 10

Комуналното претпријатие може да ја промени дејноста со:
- Проширување на дејноста;
- Воведување на нови дејности и
- Укинување на одделни дејности

За сите наведени промени одлучува Управниот одбор на комуналното претпријатие а за дејностите од јавен интерес одлука донесува основачот - Општина Пехчево на предлог на Управниот одбор.

## IV. ОРГАНИ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 11

Органи на ЈКП "Комуналец" се:
- Управен одбор;
- Надзорен одбор за контрола на материјалното - финансиското работење;
- Директор.

## V. УПРАВЕН ОДБОР

Член 12

Управниот одбор на ЈКП "Комуналец" се состои од 5 (пет) членови.

Во Управниот одбор основачот именува, односно разрешува претставници од редот на афирмирани и познати стручњаци во областа на предметот на работењето на ЈКП "Комуналец" имајќи ја предвид соодветната и правичната застапеност на припадниците на сите заедници.

За претседател и член на Управниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

- е државјанин на Република Македонија;
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и
- има минимум три години работно искуство.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 (четири) години.

Член 13

Членот на Управниот одбор не може да има лично, преку трето лице, или по било кој основ интереси во претпријатието.

Секиј член на Управниот одбор, како и директорот се должни да го предупредат основачот за постоењето на ваков интерес од страната на еден или повеќе членови на Управниот одбор.

Управниот одбор од редот на своите членови избира претседател и заменик претседател.

Управниот одбор на ЈКП ги има сите овластувања да презема мерки што се потребни и корисни за работата на ЈКП во согласност со законот.

Член 14

Управниот одбор на ЈКП:

- Го донесува Статутот на ЈКП;
- Ги усвојува програмата за работа и развој на ЈКП;
- Ја утврдува деловната политика;
- Ги усвојува тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие;
- Одлучува за употрба на средствата остварени со работењето на ЈКП и покривање на загубите;
- Ги донесува одлуките за инвестиции;
- Ги утврдува цените на производите и услугите;
- Одлучува за внатрешната организација на претпријатието;
- Донесува програми, планови, одлуки и други акти од областа на Одбраната;
- Одлучува по приговори за престанок на работен однос во втор степен и по други приговори во втор степен;
- Дава согласност на Правилникот за систематизација на работните места;
- Го донесува Правилникот за утврдување на основната плата и на додатоците на плата на вработените;

- Донесува Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените;
- Врши и други работи утврдени со актот за основање и овој статут.

Член 15

Управниот одбор може полноправно да работи и одлучува доколку се присутни повеќе од половината членови на Управниот одбор.

Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од сите членови на Управниот одбор.

Член 16

ЈКП "Комуналец" не може на претседателот или на член на Управниот одбор, на претседателот или на член на Надзорниот одбор или на директорот да им дава заеми или гаранции на заеми кои тие ги склучиле со трети лица.

Преземената обврска спротивно на став 1 од овој член се ништовна и без правно дејство.

## VI. НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Член 17

За вршење контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП "Комуналец" се формира Надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење составен од 5 (пет) члена.

Членовите на Надзорниот одбор од став 1 на овој член, ги именува, односно разрешува Основачот со мандат од 4 (четири) години.

За член на Надзорниот одбор може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

- е државјанин на Република Македонија;
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и
- има минимум три години работно искуство.

Заради вршење на работите на контрола Надзорниот одбор на контрола може да врши испитување на лице место на сите документи и списи на претпријатието. Надзорниот одбор може заради испитување на документите и списите на јавното претпријатие да повика стручни лица кои ќе му помагаат во решавањето на надзорот.

Членовите на Надзорниот одбор може да присуствуваат на седницата на Управниот одбор. За присуство на седниците им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на Управниот одбор.

Надзорниот одбор задолжително ги прегледува тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работа на ЈКП и по прегледувањето му дава мислење на Управниот одбор.

Управниот одбор не може да ги усвои тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работењето на претпријатието ако претходно не добие позитивно мислење од Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

## VII. ДИРЕКТОР

Член 18

Со работата на ЈКП "Комуналец" - Пехчево раководи директор.

Директорот го избира односно разрешува Градоначалникот на општина Пехчево. За именување на директор се објавува јавен оглас во три дневни весници, кои се издаваат на целата територија на Република Македонија, од кои во еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Член 19

Директорот се избира со мандат од 4 (четири) години. За Директор на ЈКП може да се избере лице кое покрај општите услови предвидени со закон, треба да ги исполнува и следните посебни услови;

За директор може да биде именувано лице кое ги исполнува следните услови:

- е државјанин на Република Македонија;

- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

- во моментот на именување со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;;

- има минимум пет години работно искуство;

- поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години и тоа: ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL iBT) - најмалку 74 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода, ИЛЕЦ (ILEC Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво, ФЦЕ (FCE Cambridge English: First) - положен, Булатс (BULATS) - најмалку 60 бода или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2(B2).

Член 20

Директорот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево:

- Го обезбедува спроведувањето на Одлуките и заклучоците од Управниот одбор;
- Учествува во спроведувањето на програмата за работа и развој и е одговорен за нејзиното реализирање;
- Учествува во утврдувањето на критериумите за користење и располагање со средствата и употреба на средствата остварени со работењето на претпријатието;
- Врши усогласување на деловната политика на ЈКП;
- Дава иницијативи, покренува прашања за разгледување пред Управниот одбор во врска со работењето на претпријатието;
- Ја организира работата и нормалното одвивање на сите рсботи во претпријатието;
- Врши други иницијативи и креативни работи во врска со работењето на ЈКП;
- Ја организира работата и се грижи за реализација на програмите и плановите за Одбрана;
- Одлучува за засновање и престанок на работен однос на работниците согласно Законот, Колективниот договор и другите акти на претпријатието;
- Врши распоредување на работници;
- Донесува Правилник за систематизација на работните места;
- Изготвува финансиски план, годишен план за јавни набавки, годишен план за вработување;
- Формира комисии за водење на дисциплинска постапка, за оценување на административните службеници и давателите на јавни услуги, за селекција на постапка за вработување и унапредување;
- Објавува оглас за вработување на даватели на јавни услуги и помошно - технички лица, доставува барање до Агенцијата за администрација за објавување на оглас за вработување на административни службеници;
- Донесува одлука за избор на кандидат по огласот и склучува договори за вработување;
- Донесува наредби, издава налози за извршување на одредени работи во претпријатието;
- Изрекува дисциплински мерки;
- Учествува во работата на Управниот одбор без право на глас и дава мислење и предлози во врска со конкретни прашања;
- Ги објавува на веб страницата на претпријатието тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на претпријатието;
- врши и други работи утврдени со закон и Статутот.

Член 21

Директорот го застапува и претставува претпријатието во правниот промет.

Директорот како застапник е овластен во рамките на дејноста на претпријатието да склучува договори и да потпишува одредени спогодби како и да го застапува претпријатието пред судовите и другите органи.

За склучување одредени договори и спогодби кои се однесуваат на поголеми инвестициони вложувања за деловна технолошка - техничка соработка со домашни и странски фирми, истражување и развој како и набавка и отуѓување на основни средства, директорот е должен да побара согласност и одобрение од Управниот одбор.

Директорот може да определи вработен кој во негово отсуство го заменува и го води тековното работење на претпријатието.

Член 22

За одредени работи и работни задолженија Директорот може да издава полномоштва во писмена форма на други стручни лица, а особено заради застапувањето пред судските и други органи.

Полномошното се издава во писмена форма, а може да се однесува за поединечни правни работи и одредени видови групни правни работи.

Полномошникот го застапува претпријатието само во границите на полномошното.

Член 23

Функцијата директор е неспоива со функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија, претседател и член на Владата на Република Македонија како и член на Советот на Општината и функцијата Градоначалник на Општина Пехчево.

Член 24

Директорот е должен секои шест месеци да доставува извештај за работата на претпријатието до Управниот одбор, односно Градоначалникот на општина Пехчево.

Во извештајот од ставот 1 на овој член директорот е должен особено да достави податоци за видот и обемот на работите извршени при обавувањето на дејноста на претпријатието, како и податоци за финансиското работење.

Ако од извештајот за работа се утврдат недостатоци или загуби во финансиското работење, директорот е должен истите да ги отстрани во наредните шест месеци.

Директорот е должен да ги објави тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие на веб страницата на јавното претпријатие.

Член 25

Директорот на ЈКП "Комуналец" - Пехчево за својата работа одговара пред Градоначалникот на општина Пехчево.

Директорот склучува договор со градоначалникот за уредување на односите со јавното претпријатие, во кој поединечно се утврдуваат правата, одговорностите и овластувањата согласно со закон.

Директорот, членовите на Управниот и Надзорниот одбор, ако извршат односно донесат одлука за која знаеле или за која со оглед на околностите, морале да знаат дека ги повредуваат интересите на јавното претпријатие, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука. Одговорноста се утврдува согласно со одредбите од Законот за трговските друштва кои се однесуваат на органите на управување.

Член 26

Директорот се разрешува пред истекот на мандатот, во следниве случаи:

- на негово барање;
- ако настане некоја од причините, поради кои според прописите за работни односи му престанува работниот однос согласно со закон;
- ако не работи и постапува според закон, статут и актите на претпријатието или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува во спротивност со нив;
- ако со својата несовесна и неправилна работа предизвика штета на претпријатието;
- ако ги занемарува или не ги извршува обврските и со тоа ќе настанат нарушувања во вршењето на дејноста од јавен интерес на претпријатието;
- ако не доставува извештај за работата на претпријатието до Градоначалникот секои шест месеци,
- ако и по истекот на рокот определен за отстранување на недостатоците, не ги отстрани недостатоците или во тој рок повторно има недостатоци или загуби во финансиското работење и
- ако и по истекот на рокот определен во Законот за јавни претпријатија не ги објави тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење, годишната сметка и извештајот за работењето на јавното претпријатие на веб страницата на јавното претпријатие.

Градоначалникот на општината во случаите од став 1 на овој член ќе донесе одлука за разрешување на директорот.

До изборот на нов директор, Градоначалникот на општина Пехчево во рок од 5 (пет) дена од донесувањето на одлуката за разрешување на директор, именува вршител на должноста директор на ЈКП "Комуналец", но не подолго од 6 (шест) месеци.

## VIII. ДРУГИ ОРГАНИ И ТЕЛА

Член 27

За остварување на одредени права, обврски и одговорности на работниците во претпријатието може да се формираат постојани повремени работни тела - комисии.

Комисиите - работните тела ги формира Управниот одбор на претпријатието откако ќе ги определи задачите на таа комисија.

Комисијата може да биде стална и ад - хок - времена комисија за што одлучува Управниот одбор.

Со Одлуката за основање на комисија се определува нејзиниот состав, бројот на членовите, претседателот на комисијата и задолженијата што ќе и се дадат за нејзината работа.

Донесените одлуки на комисијата се одлуки во прв степен. Во втор степен по одлуката на комисијата решава Управниот одбор.

Член 28

Директорот на претпријатието како свое советодавно тело формира Стручен колегиум, кој претставува советодавен, стручен и оперативен орган.

Советодавното тело брои онолку членови колку ќе одлучи Директорот и го формира директорот со одлука.

Со колегиумот раководи Директорот на претпријатието.

## IX. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 29

Претпријатието работи во следните организациони единици:

1. Сектор за финансиско работење со три одделенија:
1.1. Одделение за сметководство и финансова оператива;
1.2. Одделение за општи, правни работи и управување со човечки ресурси;
1.3. Одделение за јавни набавки;
2. Сектор за заеднички работи со четири одделенија:
2.1. Одделение за водоснабдителни објекти;
2.2. Одделение за одржување на водоводна и канализациона мрежа;
2.3. Одделение за собирање, транспортирање и депонирање на отпад;
2.4. Одделение за гробишта.

Вработените кои вршат работи од административна природа имаат статус на административни службеници.

Вработените кои вршат работи од дејноста на претпријатието имаат статус на даватели на јавни услуги.

Вработените кои вршат помошно - технички работи со кои се овозможува непречено функционирање на претпријатието имаат статус на помошно - технички лица.

## X. АКТИ НА КОМУНАЛНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Член 30

Во ЈКП "Комуналец" - Пехчево се донесуваат следните акти:

- Статут;
- Правилник за организација и систематизација на работите и работните задачи;
- Колективен договор
- и други акти.

Актите на претпријатието мора да бидат во согласност со Статут на претпријатието.

Сите општи акти на претпријатието стапуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла или на друг соодветен начин.

Толкување на општите акти дава Управниот одбор на претпријатието.

## XI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 31

Средствата за вршење на комунална дејност се остваруваат од:

- Цената на комуналните услуги;
- Средства од буџетот на општината - оснивачот;
- Други средства утврдени со закон.

Висината на комуналната услуга ја определува Управниот одбор на претпријатието по претходна согласност на основачот - Советот на Општина Пехчево.

Претпријатието е должно да ги доставува до основачот усвоените тримесечни извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, најдоцна 20 дена по истекот на тримесечјето.

Претпријатието е должно по усвојувањето на тримесечниот извештај кој содржи показатели за финансиското работење од страна на Управниот одбор на јавното претпријатие, истиот да го објави на својата веб страница најдоцна 30 дена по истекот на тримесечјето.

Претпријатието ако нема веб страница, извештајот од ставот 4 на овој член е должно да го објави на веб страницата на основачот.

Претпријатието е должно годишните сметки и финансиските извештаи да ги објави на својата веб страница во рок од 15 дена од денот на доставување на годишната сметка до Централниот регистар.

Претпријатието ако нема веб страница, годишните сметки и финансиските извештаи од ставот 6 на овој член е должно да ги објави на веб страницата на основачот.

Член 32

Ако корисникот на комуналната услуга редовно не го плаќа надоместокот за услугата, давателот на услугата - Јавно комунално претпријатие има право да ја прекине услугата во согласност со закон.

За прекинување на услугата, начинот и условите под кои таа се прекинува, Управниот одбор донесува одлука.

## XII. ИНФОРМИРАЊЕ

Член 33

Управниот одбор и директорот на комуналното претпријатие се одговорни за редовно и вистинито информирање на вработените за севкупното работење на претпријатието, за остварувањето и распределбата на добивката и други прашања од значење за работата на претпријатието.

Основачот на комуналното претпријатие има права да биде информиран за работењето на претпријатието, за остварување на програмите за работа и други прашања сврзани со работењето на претпријатието од страна на Управниот одбор и директорот на претпријатието.

Вработените се информираат преку огласната табла на претпријатието и други средства за информирање.

## XIII. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Член 34

Со цел зголемување на добивката и развојот на претпријатието се донесува Програма за работа и развој на претпријатието.

Програмата ја донесува Управниот одбор на предлог на директорот, кој воедно е и одговорен за нејзината реализација.

## XIV. ОДБРАНА

Член 35

Вработените во претпријатието имаат обврска и должност да учествуваат во организирањето и остварувањето на одбраната и да вршат работи од областа на цивилната заштита во согласност со закон.

Член 36

Вработените во претпријатието ја остваруваат одбраната со организирање на работи и задачи од областа на одбраната со обезбедување на средства, донесување на акти, планови за одбрана и превземање на мерки во реализирање на плановите и програмите на одбраната.

## XV. ЗАШТИТА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Член 37

Со цел заштита и унапредување на животната средина, Управниот одбор на претпријатието донесува Програма, акти и соодветни одлуки и мерки.

За намената од член 37 став 1 од овој Статут Управниот одбор и Директорот обезбедуваат средства, а по потреба формираат органи и задолжуваат поединци кои ќе се грижат за спроведување на програмата, одлуките и мерките.

## XVI. СИНДИКАТ

Член 38

Вработените заради остварувањето на своите економски и социјални права, имаат право да се вклучат во основање, формирање и да членуваат во синдикат под услови и во постапка утврдени со закон и со актите на синдикатот.

Член 39

На барање на синдикатот, комуналното претпријатие доставува податоци и информации за оние прашања што имаат непосредно влијание на материјалната и социјалната положба на синдикатот и ги разгледува мислењата и предлозите на синдикатот во постапка за донесување на одлуки и решенија што имаат битно влијание на материјалната и социјалната положба, односно во остварувањето на правата на вработените.

На претставникот на синдикатот му се овозможува непречено комуницирање со овластено лице на комуналното претпријатие кога тоа е неопходно за остварување на функцијата на синдикатот.

Член 40

Комуналното претпријатие обезбедува услови за работа на синдикатот за остварување на синдикалните функции, како и услови за наплата на членарината во договор со надлежните органи на комуналното претпријатие.

Член 41

Претставникот на синдикатот има посебна заштита и не може да биде повикан на одговорност, ниту доведен во понеповолна положба вклучувајќи го и престанокот на неговиот работен однос поради членство во Синдикатот или учество во синдикалните активности со кои се штитат правата и интересите на работниците ако постапува согласно со закон и колективен договор.

Посебната заштита на претставникот на синдикатот трае за време на неговиот мандат и две години потоа за синдикални активности согласно став 1 на овој член што ги презел за време на неговиот мандат.

Член 42

Претставникот на синдикалната организација, поради синдикални активности со кои се штитат правата и интересите на вработените не може:

- Да биде распореден на друго работно место кај ист или друг работодавец;
- Да биде утврден како технолошки вишок и распореден по тој основ;
- Против него да се покрене постапка, односно да му престане работниот однос со отказ.

Член 43

На претставникот на синдикатот треба да му се овозможи ослободување од работа за неговото оспособување ефикасно вршење на функциите на синдикатот.

Начинот, времето и условите на ослободување од работа на синдикалниот претставник се уредуваат со колективен договор на ниво на комуналното претпријатие.

Член 44

Член на синдикатот кој е избран, односно именуван во органите на синдикатот, чие вршење бара привремено да престане од работа кај јавното претпријатие има право по престанувањето на функцијата што ја вршел да се врати во Комуналното претпријатие на работи и работно место кое одговара на неговата стручна подготовка за што се склучува посебен договор со Комуналното претпријатие.

**XVII. ШТРАЈК**

Член 45

Вработените имаат право на штајк организиран во согласност со Уставот, закон и ратификуваните меѓународни договори согласно со Уставот.

При остварувањето на правото на штрајк вработените се должни да обезбедат минимум непречено извршување на функциите на претпријатието и неопходно ниво на остварување на правата и интересите на граѓаните и на правните лица.

**XVIII. ДЕЛОВНА ТАЈНА**

Член 46

Во интерес да се зачува безбедноста и успешното работење на претпријатието, поедини податоци од работењето и односите во комуналното претпријатие кои претставуваат деловна тајна можат да се соопштат на трети лица на начин пропишан со Закон и посебен акт.

Податоците кои претставуваат деловна тајна од работењето во комуналното претпријатие се утврдуваат со посебен акт на Управниот одбор на претпријатието.

**XIX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 47

Статутот ќе се смета за донесен ако за истиот гласале повеќе од половината од сите членови на Управниот одбор.

Член 48

Сите акти во комуналното претпријатие ќе се усогласат со Статутот по влегувањето во сила на овој Статут.

Член 49

Измените и дополнувањата на овој Статут ги врши Управниот одбор на начин и постапка како и при неговото донесување.

Толкувањето на одредбите на овој Статут го врши Управниот одбор.

Член 50

Статутот стапува во сила и ќе се применува осмиот ден од  добивањето согласност од основачот и објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево.

број  01 - 314/1
09.07.2018 година

Управен одбор
на ЈКП "Комуналец" - Пехчево
Претседател
Ванчо Мустачки

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на заклучокот за не давање согласност на Одлуката за паричен надоместок за дневница на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА заклучокот за не давање согласност на Одлуката за паричен надоместок за дневница на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, што советот на општина Пехчево го донесе на десеттата седница одржана на ден 23.07.2018 година.

Бр. 09-945/6
23.07.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.07.2018 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за не давање согласност на Одлуката за паричен надоместок за дневница на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево не дава согласност на Одлуката за паричен надоместок за дневница на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево бр. 02-313/5 од 09.07.2018 година.

**Член 2**

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-936/1
23.07.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на заклучокот за не усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за начинот на обештетување на корисниците кои плаќале солидарен фонд**

СЕ ОБЈАВУВА заклучокот за не усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за начинот на обештетување на корисниците кои плаќале солидарен фонд, што советот на општина Пехчево го донесе на десеттата седница одржана на ден 23.07.2018 година.

Бр. 09-945/7
23.07.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.07.2018 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**
**за не усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за начинот на обештетување на корисниците кои плаќале соидарен фонд**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево не ја усвојува Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за начинот на обештетување на корисниците кои плаќале соидарен фонд бр. 02-313/3 од 09.07.2018 година, поради тоа што не се точно прецизирани условите кои се понудени.

**Член 2**

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-937/1
23.07.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на заклучокот за не усвојување на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за утврдување на висината за плаќање на надоместок за доделување на употреба на гробно место и надоместок за одржување на гробиштата (гробарина)**

СЕ ОБЈАВУВА заклучокот за не усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за утврдување на висината за плаќање на надоместок за доделување на употреба на гробно место и надоместок за одржување на гробиштата (гробарина), што советот на општина Пехчево ја донесе на десеттата седница одржана на ден 23.07.2018 година.

Бр. 09-945/8
23.07.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 30 став 1 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.07.2018 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за не усвојување на Одлуката од УО на ЈКП „Комуналец„ - Пехчево, за утврдување на висината за плаќање на надоместок за доделување на употреба на гробно место и надоместок за одржување на гробиштата (гробарина)**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево не ја усвојува Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за утврдување на висината за плаќање на надоместок за доделување на употреба на гробно место и надоместок за одржување на гробиштата (гробарина) бр.02-313/2 од 09.07.2018 година, поради тоа што не се точно прецизирани условите кои се понудени.

**Член 2**

Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-938/1
23.07.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за престанок и давање на користење на движни ствари - книги на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за престанок и давање на користење на движни ствари - книги на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на десеттата седница одржана на ден 23.07.2018 година.

Бр. 09-945/9
23.07.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 30 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 06/2016), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.07.2018 година донесе

**О Д Л У К А**
**за престанок и давање на користење на движни ствари - книги на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево**

**Член 1**

Со оваа одлука советот на општина Пехчево дава на користење движни ствари - книги на ОУМБ ,,Кочо Рацин,,- Пехчево.

**Член 2**

Примопредавањето на движната ствар од член 1 на оваа одлука ќе се изврши со записник за примопредавање меѓу преставници на општина Пехчево и ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево во рок од 8 дена од стапување на сила на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр.08-939/1
23.07.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на заклучокот за не усвојување на Ребаланс на Буџет на општина Пехчево за 2018 година**

СЕ ОБЈАВУВА заклучокот за не усвојување на Ребаланс на Буџет на општина Пехчево за 2018 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на десеттата седница одржана на ден 23.07.2018 година.

Бр. 09-945/10
23.07.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Република Македонија бр.5/2002) и член 30 став 1 точка 4 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Советот на општина Пехчево на седница одржана на 23.07.2018 година донесе:

**ЗАКЛУЧОК**

**за не усвојување на Ребаланс на буџетот на општина Пехчево за 2018 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево не го усвојува Ребалансот на буџетот на општина Пехчево за 2018 година (бр.03-230/1 од 18.07.2018 година за ОЈУДГ „7 Септември,, - Пехчево).

**Член 2**

Заклучокот стапува во сила од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-940/1
23.07.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на одлуката за усвојување на тримесечен Извештај за финансиското работење на ЈКП Комуналец за 2018 година**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за усвојување на тримесечен Извештај за финансиското работење на ЈКП Комуналец за 2018 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на десеттата седница одржана на ден 23.07.2018 година.

Бр. 09-945/11
23.07.2018 год.
Пехчево

Градоначалник на
Општина Пехчево
Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.07.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на тримесечен извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец" - Пехчево за период од 01.01.2018 год. до 31.03.2018 год.**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец" - Пехчево за период од 01.01.2018 година до 31.03.2018 година.

**Член 2**

Тримесечниот извештај за финансиското работење на ЈКП „Комуналец" - Пехчево за период од 01.01.2018 година до 31.03.2018 година бр. 05-257/1 од 28.05.2018 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-941/1
23.07.2018 година
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Николчо Јовчев с.р

---

**ВОВЕД**

Целта на финансиските извештаи е да се обезбедат информации во врска со финансиската состојба, успешноста на работењето и промените во финансиската состојба на претпријатието за три месеци. Од финансискиот извештај не може да се види целосната финансиска состојба на претпријатието, затоа што извештајот кој што се прави е за одреден период. Целта на овие извештаи е да се информира претпријатието за почетните финансиски движења во почетните месеци од 2018. Секој извештај содржи показатели од тековната година, споредени со претходната година.

Извештаите се изготвени во согласност со законот за трговски друштва, МСС, МСФИ и сметководствените политики на претпријатието. Финансиските извештаи треба објективно да ја презентираат финансиската состојба и финансиското работење.

За таа цел се изготвени прегледи за сите поважни економски показатели со соодветни индикатори кои ќе овозможат по реална слика за финансиското работење на ЈКП „Комуналец"- Пехчево.

## 1.1 Биланс на успех

| **Биланс на успех** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Р.Број | | 2018 | 2017 | |
| 1 | **Приходи од работење** | 3190274 | 3473976 | |
| 2 | Приходи од продажба | 3190274 | 3473976 | |
| 3 | Остварени приходи | | | |
| 6 | **Расходи од работењето** | 3238069 | 3686119 | |
| 7 | Трошоци за суровини и материјали | 3224882 | 3644626 | |
| 8 | Набавна вредност на продадени стоки | 13187 | 41493 | |
| 9 | Набавна вредност на продадени материјали | | | |
| 10 | Услуги со карактер на материјални трошоци | | | |
| 11 | Останати трошоци на работењето | | | |
| 12 | **Трошоци за вработени** | 2587126 | 2294608 | |
| 12а | Плати и надомести на плати | 1739805 | 1538944 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 12б | Трошоци за даноци на плати и надоместоци | 123037 | 110717 | |
| 12в | Придонеси од задолжително социјално осиг. | 724284 | 644947 | |
| 12г | Останати трошоци од вработените | | | |
| 13 | Амортизација на материјални средства | 300000 | 291100 | |
| 14 | Вредносно усогласување (обезвре.)нетек. | | | |
| 15 | Вредносно усогласување(обезвред.)теков. | | | |
| 16 | Резервирања за трошоци и ризици | | | |
| 17 | Останати расходи од работењето | | | |
| | **Финансиски приходи** | 3190274 | 3473976 | |
| | **Финансиски расходи** | 3238069 | 3686119 | |
| 34 | Добивка од редовно работење пред оданоч. | | | |
| 35 | Загуба пред оданочување | 47795 | 212143 | |
| | Данок од добивка | | | |
| | Нето загуба за деловна година | | | |
| | Просечен број на вработени | 29 | 27 | |

Во Билансот на успехот се прикажани промените кои настанале во претпријатието во определен временски период како резултат на деловната активност на истата во тој период. Овој финансиски извештај е детален преглед на сите приходи и трошоци што ги остварило претпријатието за одреден временски период и го прикажува крајниот резултат (добивка,загуба). Доколку приходите се поголеми од трошоците, претпријатието остварило позитивен финансиски резултат, а доколку трошоците ги надминуваат приходите во тој случај станува збор за загуба.

Од билансот на успехот за три месеци може да се види дека имаме намалување на приходите од работењето што се должи на намалувањето на населението (корисниците).

Од Билансот на успехот може да се види дека и расходите од работењето се намалени.

Во овие три месеци имаме помала загуба од минатогодишната.

Но, сепак тоа е само почеток на годината и не се знае до крајот на годината какви промени ќе има, дали ќе има зголемување на приходите или намалување на трошоците и обратно се зависи од организацијата во претпријатието и извршувањето на работните задачи.

Загубата во овој период изнесува 47.795 ден, што се должи на трошоците од работењето на претпријатието, односно плаќањето на обврски по основ на фактури од претходниот период како и трошоци за камати по основ на истите. Исто така плаќаме судски трошоци по основ приднеси и камати по истите за поднесени тужби од вработени во ЈКП Комуналец.

## 1.2 Приходи

| *ВИД НА ПРИХОД* | *2018* | *2017* |
|---|---|---|
| Прозводство и дистрибуција на вода | 1623790 | 1851377 |
| Приходи од канализација | 196408 | 186626 |
| Отпремување на отпад | 710182 | 697715 |
| Механизација | 6875 | 17438 |
| Пазар | 24900 | 31360 |
| Погребални услуги | 301215 | 378928 |
| Вкупно приходи | 2863370 | 3163444 |

Од прегледот за приходите по одделенија може да се види структурата на приходот и неговиот износ за тековната и претходната година.

Намалени приходи имаме кај одделението за производство и дистрибуција на вода поради намалување на корисниците како и од загубите на вода .

Механизацијата како посебно одделение има помал приход оваа година поради честите дефекти и сервиси на машината.

Приходите од пазар се намалени поради намален број на тезгите за продажба.

## 1.3 Трошоци

| *ВИД НА ТРОШОЦИ* | *2018* | *2017* |
|---|---|---|
| За вода и канализација | 681440 | 775010 |
| За собирање и изнесување на отпад | 295700 | 269887 |
| Механизација | 288060 | 295380 |
| Пазар | | |
| Погребални услуги | 18776 | 36700 |
| Вкупно трошоци | 1283976 | 1376977 |

Трошоците за вода и канализација за 2018г.се намалени.

Кај трошоците за собирање и изнесување на отпад може да се види зголемување на трошоците поради изнесувањето на отпад од с.Панчарево и с.Црник и неплаќање од корисниците за услугата.

Кај механизацијата за 2018 год., може да се забележи мало намалување на трошоците.

## 1.4 Процент на наплата

| ПРОЦЕНТ НА НАПЛАТА | 2018 | 2017 |
|---|---|---|
| Физички и правни лица | 88% | 101% |

Од самиот извештај може да се види намалување на процентот на наплатата од физички и правни лица за 2018год, бидејќи во првото тромесечје во 2017 год. се извршени плаќања по заостанати долгови од корисниците.

ЈКП „Комуналец“ Пехчево

Директор

Билјана Аспровска

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на десеттата седница одржана на ден 23.07.2018 година.

Бр. 09-945/12 | Градоначалник на
23.07.2018 год. | Општина Пехчево
Пехчево | Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02), член 17 од Законот за јавните претпријатија (Сл.Весник на Р.М бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.07.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

**Член 1**

Киро Јангелов се разрешува од должноста член на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, поради негово барање.

За нов член на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево се именува:

1. Јованчо Секуловски - Пехчево

**Член 2**

Членот на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево се именува за период од 4 (четири) години со право на повторно именување.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-942/1 | Совет на општина Пехчево
23.07.2018 година | Претседател
Пехчево | Николчо Јовчев с.р

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.06/2016), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на одлуката за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈПУД „Равен„ - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА одлуката за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈПУД „Равен„ - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на десеттата седница одржана на ден 23.07.2018 година.

Бр. 09-945/13 — Градоначалник на
23.07.2018 год. — Општина Пехчево
Пехчево — Драган Тренчовски с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/2002), член 17 од Законот за јавните претпријатија (Сл.Весник на Р.М бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16) и член 30 став 1 точка 26 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.07.2018 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈПУД „Равен„ - Пехчево**

**Член 1**

Дејан Лазаровски се разрешува од должноста член на Управен одбор на ЈПУД „Равен„ - Пехчево поради негово барање;

За нов член на Управен одбор на ЈПУД „Равен„ - Пехчево се именува:

2. Дејан Видински - Пехчево

**Член 2**

Членот на Управен одбор на ЈПУД „Равен„ - Пехчево се именува за период од 4 (четири) години со право на повторно именување.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр.08-943/1 — Совет на општина Пехчево
23.07.2018 година — Претседател
Пехчево — Николчо Јовчев с.р

---

УБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр. 09-815/2
23. 06. 2018 год.
Пехчево

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоу (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002) и член 50 став 1 алинеа 10 од Статутот на опш Пехчево (Сл.гласник на општина Пехчево бр. 06/2016, а во врска со член 24-а с алинеја 1 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на Репуб Македонија бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 06/12, 119/13, 41/14, 13 25/15, 61/15, 39/16), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТ**
**ДИРЕКТОР НА ЈПУД „РАВЕН„ - ПЕХЧЕВО**

**Член 1**

Борис Поповски од Пехчево, со адреса на живеење на ул. „[redacted] бр.[redacted], ЕМБГ [redacted], се разрешува од функцијата вршител на долж директор на ЈПУД „Равен„ - Пехчево.

**Член 2**

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи решението бр.09-315/ 12.03.2018 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Слу гласник на општина Пехчево.

Општина Пехчево
Градоначалник
Драган Тренчовски

УБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр. 09-832/1
02. 07. 2018 год.
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправ (Сл.весник на Р.М. бр.5/2002), член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатиј (Сл.Весник на Р.М. бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 06/12, 119/13, 41/1 138/14, 25/15, 61/15, 39/16), член 50 став 1 алинеја 10 од Статутот на општина Пехчев (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 06/2016 - Пречистен текст), градоначалникот н општина Пехчево донесе:

**РЕШЕНИЕ**

**За именување на вршител на должност директор на**

**ЈПУД „Равен„ - Пехчево**

**Член 1**

За вршител на должноста директор на ЈПУД „Равен„ - Пехчево се имену Дејан Лазаровски, ЕМБГ [redacted] од Пехчево.

**Член 2**

Вршителот на должноста директор се именува од 02.07.2018 година до избор н нов Директор на претпријатието, но не подолго од 6 месеци.

**Член 3**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службе гласник на општина Пехчево.

Општина Пехчево
Градоначалник
Драган Трençовски

Доставено до
- Архива на општина Пехчево
- Архива на ЈПУД „Равен„ - Пехчево
- Именуваниот

**С О Д Р Ж И Н А:**


1. Одлука за одобрување на финансиски придонес од буџетот на општина Пехчево за спроведување на проектот за локална и регионална конкурентност за инвестирање во инфраструктура поврзана со туризам и поврзување со дестинациите, потпроект „Малешево - Дестинација по мерка на туристите” ________ 3;
2. Одлука за усвојување на годишен извештај за работата на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево за учебната 2017/2018 година ________ 4;
3. Одлука за усвојување на Програмата за развој на ООУ ,,Ванчо Китанов,, - Пехчево ________ 50;
4. Одлука за давање согласност на Статут на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево ________ 108;
5. Заклучок за не давање согласност на Одлуката за паричен надоместок за дневница на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево ________ 124;
6. Заклучок за не усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за начинот на обештетување на корисниците кои плаќале солидарен фонд ________ 125;
7. Заклучок за не усвојување на Одлуката од УО на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, за утврдување на висината за плаќање на надоместок за доделување на употреба на гробно место и надоместок за одржување на гробиштата (гробарина) ________ 126;
8. Одлука за престанок и давање на користење на движни ствари - книги на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево ________ 127;
9. Заклучок за не усвојување на Ребаланс на Буџет на општина Пехчево за 2018 година ________ 128;
10. Одлука за усвојување на тримесечен Извештај за финансиското работење на ЈКП Комуналец за 2018 година ________ 129;
11. Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево ________ 134;
12. Одлука за разрешување и именување на член на Управен одбор на ЈПУД ,,Равен,, - Пехчево ________ 135;
13. Одлука за разрешување на ВД Директор на ЈПУД ,,Равен,, - Пехчево ________ 136;
14. Решение за именување на ВД Директор на ЈПУД ,,Равен,, - Пехчево ________ 137;